CENTAR ZA NESTALU I ZLOSTAVLJANU DECU
CRCA Qendra për të Drejtat e Fëmijëve në Shqipëri
Child Rights Centre Albania
ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Националниот екосистем за заштита на децата во дигиталниот простор

Анализа на постојните стратегии, политики и практики за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет во РС Македонија




Norway
SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans
CPCD Centar za promociju civilnog društva
Institute for Democracy and Mediation
CRPM Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

Националниот екосистем за заштита на
децата во дигиталниот простор

*Анализа на постојните стратегии, политики и практики за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет во РС Македонија*

---

Прва детска амбасада во светот Меѓаши

„Застапување и масовно лобирање во динамично и технолошко опкружување: Водич за застапување и масовно лобирање за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет“ е изработен со поддршка на регионалниот проект “SMART Balkans – Civil Society for Shared Society in the Western Balkans”, кој го спроведуваат Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Center for Research and Policy Making (CRPM) и Institute for Democracy and Mediation (IDM), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка (NMFA).

Содржината на „Застапување и масовно лобирање во динамично и технолошко опкружување: Водич за застапување и масовно лобирање за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет“ е единствена одговорност на спроведувачите на проектот и не секогаш ги одразува ставовите на Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка (NMFA) ниту на конзорциумот на SMART Balkans.

Автор
**Јорданка Ч. Трајкоска**

Издавач
**Прва Детска Амбасада во Светот Меѓаши -**
**Република Македонија**

Графичка подготовка
**Стојан Стојчевски**
**Југен Капитал ДООЕЛ, Скопје**

Печатење:
**ВИНСЕНТ ГРАФИКА**
**Жељко и други ДОО, Скопје**

Година и место на издавање
**Скопје, 2025**

---

© Сите права задржани.
Ниту еден дел од ова издание не смее да се репродуцира, складира или пренесува во било каква форма без писмена согласност од издавачот.

CENTAR ZA NESTALU I ZLOSTAVLJANU DECU

Qendra për të Drejtat e Fëmijëve në Shqipëri
Child Rights Centre Albania

# Националниот екосистем за заштита на децата во дигиталниот простор

*Анализа на постојните стратегии, политики и практики за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет во РС Македонија*

---

Прва детска амбасада во светот Меѓаши

Norway
SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans
CPCD Centar za promociju civilnog društva
Institute for Democracy and Mediation
CRPM Center for Research and Policy Making

*Кога материјалот за детската злоупотреба ќе се сподели на интернет честопати опстојува со години, ширејќи се низ различни платформи кои секојдневно ги користиме. Секојпат кога со дел од материјалот на детска сексуална злоупотреба преку интернет се тргува или се консумира, се продолжува циклусот на траумата за жртвите и преживеаните. Впрочем, во едно истражување[1] со возрасни поранешни жртви на детска сексуална злоупотреба на интернет, 20 % изјавиле дека биле препознаени од лице кое ги видело нивните слики на детска сексуална злоупотреба.*

1 Thorn, 2022. 2022 Impact Report: Building technology to defend children

# Содржина

Вовед ....................8
Младите и дигиталната средина ....................9
1. Преглед на меѓународните и регионалните регулативи поврзани со заштита на правата на децата ....................11
2. Сеопфатноста и јасноста на регулативната рамка за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет ....................14
3. Ефикасноста на институционалните капацитети за заштита на децата од сексуално искористување и злоупотреба во дигиталниот простор ....................17
4. Состојбата на правото на децата на безбедност и сигурност низ леќите на постојните истражувања ....................22
4.1. Меѓународни истражувања ....................23
4.2. Домашни истражувања ....................27
4.3. Истражување спроведено од ПДАС Меѓаши ....................32
Клучни пораки ....................36
5. Прилог 1. Прашалник за тинејџери ....................38
6. Прилог 2. Резултати ....................43

# Вовед

Иако дигиталната средина оригинално не е направена за децата, сепак игра значајна улога во нивниот живот. Нејзина карактеристика е што постојано се развива и менува, се шири, опфаќајќи ги информациските и комуникациските технологии, дигиталните мрежи, содржини, услуги и апликации, поврзаните уреди и средини, виртуелната и проширена реалност, вештачката интелигенција, роботиката, автоматизираните системи, алгоритмите и податочната аналитика, биометријата и технологијата на импланти.

Дигиталната средина станува сè поважна во многу аспекти од животот на децата, и во време на криза, бидејќи општествените функции, вклучително и образованието, владините услуги, комерцијалните услуги сè повеќе се потпираат на дигиталните технологии. Тоа дава нови можности за остварување на детските права, но во исто време носи и ризици за нивно прекршување или злоупотреба. Оттаму, се наметнува потребата од ревидирање на начините на кои се почитуваат и штитат правата на децата, односно да се гледа на нивната заштита и низ призмата на дигиталната средина.

Со развојот на технологијата и дигиталниот простор неколкукратно се зголемени можностите и леснотијата на опстојување на злоупотребата на децата. Проблемот со сексуалната злоупотреба и искористување на децата е глобален и долготраен проблем. Постоењето на голем број меѓународни инцијативи и регулатива за сузбивање на овој проблем само ја потврдуваат неговата сериозна раширеност и замав. Македонија, со ратификување на меѓународните документи се придружува кон борбата против сексуалната злоупотреба на децата.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши во рамки на своите програми и активности постојано работи на заштита на правата на децата, вклучително и на заштита од сексуално искористување и злоупотреба на децата, како најлош вид насилство врз децата. Во 2023 односно 2024 г., Меѓаши започна два проекти кои се однесуваат на безбедноста на децата во дигиталната средина. Проектот „Безбеден Интернет Центар на Република Северна Македонија – МкСафеНет“ е комплексен национален проект во кој Меѓаши во партнерство со Министерството за информатичко општество, академската заедница и други граѓански организации чиј координатор е Министерството за дигитална трансформација (МДТ), а ко-финансиран од Европската Унија. Периодот на имплементација на проектот е во наредните 18 месеци. Проектот има за цел да воспостави Национален центар за безбеден интернет во Македонија, следејќи ги европските практики и веќе-воспоставените центри за безбеден интеренет во регионот. Центарот за безбеден интернет ќе располага со база на едукативни ресурси, прилагодени и достапни за деца и млади, што ќе овозможи лесна пристапност на постоечките едукативни материјали, вклучително и подготовка на иновативни едукативни ресурси, притоа организирајќи бројни работилници, посета на училишта, јавни настани и останати активности за поттикнување на дигиталната писменост. Со проектните активности, предвидено е воспоставување на основната инфраструктура на центарот, во соработка со јавниот, граѓанскиот и приватниот сектор за подобрување на постојните иницијативи.

Клучен аспект на проектот е зајакнување на капацитетите на СОС линијата - АлоБушавко, фокусирајќи се на психо-социјална поддршка, пренасочување и брз одговор до соодветните институции, особено во случаите на пријавување на содржини со сексуална злоупотреба на деца (CSAM). Со ова, целта е да се обезбеди навремена поддршка и реакција за справување со дигиталното насилство.

Проектот „TOMAS - Кон усогласено законодавство против сексуална злоупотреба на деца преку интернет“ во партнерство со организации Centar za nestalu i zlostavljanu decu - CNZD од Србија и CRCA/ECPAT ALBANIA Албанија и Детската амбасада Меѓаши од Македонија. Целите на проектот се фокусирани кон зголемена свест на јавноста за важноста од активно учество на граѓанското општество во развојните иницијативи во регионот на Западен Балкан, особено на иницијативата за унапредување на националното законодавство во однос на дигиталните материјали за сексуална злоупотреба на деца (Child Sexual Abuse Material - CSAM), влијанието на граѓан(к)ите врз промените како и развиени силни регионални

партнерства. Во рамки на овој проект се прави и оваа анализа за да се изработат материјали за препознавање, градење и/или подигнување на свеста на јавноста за проблемот со сексуалната злоупотреба на децата преку интернет.

Целта на оваа анализа е да се даде сеопфатен преглед на состојбата со заштитата на децата од сексуално искористување и злоупотреба преку интернет во нашата земја. Поточно, да се види што имаме на располагање за ефикасна заштита во смисла на:

- Законската рамка и подзаконските акти преку кои се допрецизираат законските одредби од аспект на опфатот и прецизноста на законските одредби за овој проблем;
- Институционалните капацитети во контекст на ефикасно спроведување на законските одредби (од превенција до правосудство);
- Увид во преваленцијата, односно зачестеноста на овој проблем од аспект на стандардизирано мониторирање на состојбата, евиденција на случаите, информирање на носителите на одлуки итн.;
- Увид во профилот на децата жртви на сексуална злоупотреба преку интернет;
- Увид во перцепциите и свеста на јавноста за овој проблем.

Како оваа анализа ги утврдува состојбите во сите пет наведени прашања? Преку преглед на сите достапни документи поврзани со оваа состојба, поточно преку преглед на:

✓ Досегашните анализи на законите поврзани со заштитата на децата од сексуална злоупотреба преку интернет;
✓ Досега спроведените анализи на институционалниот капацитет;
✓ Постоечките анализи на евидентирањето на децата жртви на сексуална злоупотреба во живо и преку интернет;
✓ Преглед на меѓународните и регионалните регулативи кои нашата држава ги има ратификувано и има обврска за преземање соодветни интервенции во законската рамка.

Сознанијата од овој сеопфатен преглед откриваат кои се „слабите“ точки, односно што недостасува и каде треба да се насочат силите, за што да се застапува и како.

Дополнително на овој сеопфатен преглед, направено е и истражување преку онлајн прашалник наменет за пригоден примерок ученици од основни и средни училишта со кои соработува Првата детска амбасада во светот Меѓаши со цел да се добие увид во:

✓ Најчестите платформи на кои децата од примерокот поминуваат време на интернет и просечното време што го поминуваат онлајн;
✓ Перцепцијата и знаењето на децата за овој проблем.

Сознанијата од анкетата се анализираат во насока на што треба да се работи со децата за зајакнување на нивните капацитети во смисла на знаење, вештини, самосвест и познавање и почитување на сопственото право на приватност и на другите. Исто така, во контекст на заштита на децата, овие сознанија даваат насоки за што треба да се застапува и кон кои институции треба бидат насочени пораките и согласно тоа какви алатки за лобирање да бидат опфатени и опишани во прирачникот за ефикасно лобирање за подобра заштита на децата од сексуално искористување и заштита во дигиталниот простор.

**Младите и дигиталната средина**

За младите луѓе, интернетот и социјалните медиуми се интегрален дел од нивните животи, од нивното природно истражување на идентитетот, сексуалноста и врските. Како резултат на тоа, споделувањето интимни слики од себеси стана вообичаена практика кај младите. Во годишниот импакт извештај на Торн[2], еден на шест тинејџери[3] смета дека е нормално за луѓе на нивна возраст да споделуваат меѓу себе интимни слики. Но довербата лесно се крши и она што било наменето како приватна слика брзо може да стане вирална слика која циркулира во интернет просторот, резултирајќи во прогонување, изолација и засрамување на жртвата на сликата.

Секоја година малолетниците изјавуваат дека се онлајн, на сите платформи, без разлика за кого е платформата наменета и без оглед на различните типови системи за верификација на возраста. Дигиталниот пејзаж во кој постојат

2 Thorn, иновативна технолошка непрофитна организација која создава производи и програми за ефикасна борба против сексуалната злоупотреба на децата: We Defend Children From Sexual Abuse | Thorn
3 Thorn, 2022. 2022 Impact Report: Building technology to defend children.

онлајн платформите е динамичен што се рефлектира во вклученоста на малолетниците на различни платформи во секоја последователна година.

Од суштинско значење е да ја разбереме целосноста и нијансите на ризиците со кои децата се соочуваат за да можеме да изградиме системи на ефективна заштита. Иако интернетот им нуди на младите луѓе корисни можности за поврзување, учење и истражување, тој исто така создава и нови ризици и можности да доживеат повреда, односно штета.

Дигиталната средина може да отвори нови начини за вршење насилство врз децата преку олеснување на ситуациите во кои децата доживуваат насилство и/или може да бидат под влијание да нанесат штета себеси или на другите. Кризите, како што се пандемиите, може да доведат до зголемен ризик од штета во интернет просторот, земајќи предвид дека во тоа време децата поминуваат повеќе време на виртуелните платформи.

Сторителите на сексуални казнени дела може да ја користат дигиталната технологија за барање деца заради сексуални цели и за да учествуваат во сексуална злоупотреба на интернет, на пример преку пренос во живо на видео запис, преку производство и дистрибуција на материјал кој содржи сексуална злоупотреба на деца и на сексуална изнуда. Облиците на дигитално посредувано насилство и сексуално искористување може да се случи и во кругот на доверба на детето, од страна на семејството или пријателите, или за адолесцентите од страна на интимните партнери. Овие облици може да вклучуваат кибер агресија, злоупотреба и закани за угледот, создавање и споделување сексуални пораки или слики без претходна согласност, како што е содржината создадена од самото дете преку наговарање и/или принуда и преку поттикнување самоповредување, како што се исеченици, суицидно однесување или нарушувања во исхраната.

## 1. Преглед на меѓународните и регионалните регулативи поврзани со заштита на правата на децата

Во табелата е даден кус преглед на статусот на сите релевантни меѓународни и регионални инструменти, известувањето кон телата за човекови права и ангажманот во врска со посебните процедури на Советот за човекови права.

| Меѓународни инструменти | Датум на ратификација/пристапување |
|---|---|
| Конвенција за правата на детето – 1989 г. | 12 декември 1993 г. |
| Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија – 2000 г. | 17 октомври 2003 г. |
| Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето во врска со комуникацискaта процедура | 23 мај 2012 г. – не е ратификуван |
| Конвенција за најлошите форми на детски труд на Меѓународната организација за труд – 1999 г. (бр. 182) | 30 мај 2002 г. |
| Протокол на ОН за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе особено со жени и деца (Палермо Протокол), кој ја надополнува Конвенцијата на ОН за борба против транс-национален организиран криминал – 2000 г. | 12 јануари 2005 г. |
| **Регионални инструменти** | **Датум на ратификација/пристапување** |
| Конвенција компјутерски криминал (Конвенцијата од Будимпешта), Совет на Европа – 2001 г. | 15 септември 2004 г. |
| Конвенција на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба | 11 октомври 2010 г. |
| Европска конвенција за остварување на правата на детето | 15 јануари 2003 г. |

| Тела за човекови права | Датум на последен поднесен извештај | Заклучни согледувања (коментари) |
|---|---|---|
| Комитет за правата на детето | 12 март 2019 г. | Комбинирано од трети до шести периодични извештаи за Македонија – 22 мај 2022 г. |

**Табела 1.** Преглед на релевантните меѓународни и регионални инструменти и тела за човекови права кон кои РС Македонија известува

Европската комисија во декември 2020 година предложи амбициозна реформа за да се создаде побезбеден дигитален простор, во којшто ќе бидат заштитени основните права на сите корисници на дигитални услуги.

Стратегијата на Комисијата за подобар интернет за деца (BIK+), усвоена на 11 мај 2022 година, ќе обезбеди заштита, почитување и зајакнување на вештините на децата за безбедно користење и однесување на интернет во новата дигитална декада, во согласност со европските дигитални принципи. BIK+ е дигитална рака на сеопфатната Стратегија на ЕУ за правата на детето од 2021 година. Таа се заснова на првата Европска стратегија за подобар интернет за деца (BIC), објавена во 2012 година и е придружена со збирка релевантни закони. Стратегијата ги зема предвид Резолуцијата на Европскиот парламент за правата на децата, Заклучоците на Советот за медиумска писменост и Препораката на Советот за воспоставување европска детска гаранција. Новата стратегија е донесена низ обемен консултативен процес со децата, со родителите, наставниците, земјите членки, ИКТ и медиумската индустрија, граѓанското општество, академската заедница и меѓународните организации. Оттаму, BIK+ има за цел да ја надополни и да ја поддржи практичната имплементација на постојните мерки за заштита на децата на интернет, за развивање на вештините на децата и да ги поттикне безбедно да го обликуваат својот живот во интернет просторот.

Во октомври 2022 година, Европската комисија го промовираше пакетот на Законот за дигитални услуги (Digital Service Act) – низа правила и прописи насочени кон давателите/обезбедувачите, со цел да се создаде побезбеден дигитален простор за сите корисници, а меѓу овие правила има посебно осмислени коишто се однесуваат на заштита на безбедноста на малолетниците на интернет. Законот се темели на почитување и заштита на основните права.

Во декември 2022 година, Европската комисија предложи Декларација за дигитални права и принципи, која ја претставува визијата на ЕУ за дигитална трансформација на Европа до 2030 година. Оваа визија ги става луѓето во центарот и ги одразува вредностите на ЕУ, како што се заштитата и зајакнувањето на децата. Декларацијата претставува референтна рамка за граѓаните и ги насочува земјите членки на ЕУ на патот кон дигиталната трансформација.

Со Генералниот коментар бр. 25 од 2021 година за правата на децата во дигиталната средина[4], Комитетот за правата на децата на ООН ја препознава значајната улога која оваа средина ја има во животот и развојот на децата и насочува како во оваа средина земјите да ги почитуваат и заштитат правата на секое дете.

Во пакетот мерки од Генералниот коментар што им ги предлага на земјите членки да ги преземат, се и мерките коишто се однесуваат на (1) носење сеопфатни политики и стратегии кои се однесуваат на детските права; (2) координација на сите чинители во заштитата и почитувањето на правата на децата; (3) планирање и намена на соодветни ресурси; (4) истражување и собирање податоци; (5) пристап до правда и правни лекови.

Во однос на политиките и стратегиите, она што е истакнато во Генералниот коментар е при нивното креирање и спроведување да се земе предвид и дигиталната средина, и истите постојано да се евалуираат и ажурираат. Онлајн заштитата треба да биде интегрирана во сите национални политики за заштита на децата, а државата треба да спроведува мерки кои ги штитат децата од ризиците, вклучително и од насилство во интернет просторот и од технолошки посредувано сексуално искористување и злоупотреба на децата преку интернет, обезбедување на истрага на тие случаи и обезбедување правни лекови и поддршка за децата жртви. Во сите средини во кои децата имаат пристап до дигиталната средина, дома, во училиште, младински или други центри, и други места, државата треба да обезбеди функционирање на ефективни онлајн механизми за заштита на децата.

За да се опфатат меѓу секторските последици од дигиталната средина врз правата на децата, Комитетот предлага да се формира владино тело кое ќе ги координира политиките, насоките и програмите коишто се однесуваат на правата на децата, меѓу владините оддели и различните нивоа на власта. Овој национален

4 General comment No. 25 (2021) on children's rights in relation to the digital environment. https://docstore.ohchr.org/SelfServices/FilesHandler.ashx?enc=6QkG1d%2FPPRiCAqhKb7yhsqIkirKQZLK2M58RF%2F5F0vEG%2BcAAx34gC78F-wvnmZXGFUl9nJBDpKR1dfKekJxW2w9nNryRsgArkTJgKelqeZwK9WXzMkZRZd37nLN1bFc2t

координативен механизам би требало да соработува со училиштата и со приватните ентитети од секторот на информациската и комуникациската технологија, со граѓанскиот сектор, со академската заедница, за да се остварат правата на децата во контекст на дигиталната средина на меѓу секторско, национално и локално ниво. Ова тело треба да се потпира на технолошката и друга релевантна експертиза во рамки и надвор од владата, како и да биде независно оценувано за ефективноста во извршувањето на своите обврски.

**Предлог/препорака**

Националното координативно тело (НКТ) за заштита и превенција на деца од злоупотреба и занемарување во рамки на своите активности може да предвиди и фокусирани активности со кои ќе се предвидат мерки насочени кон борба против сексуалната злоупотреба на деца преку интернет преку засилена соработка со училиштата и со приватните ентитети од секторот на информациската и комуникациската технологија, со граѓанскиот сектор и со академската заедница.

Исто така, државите треба да мобилизираат, наменат и искористат јавни ресурси за спроведување на законите, политиките и програмите за целосно остварување на детските права во дигиталната средина.

Континуираното прибирање сеопфатни податоци и истражување се клучни за да се разберат импликациите на дигиталната средина врз животот на децата, оценувајќи го нивното влијание врз нивните права, како и ефективноста на владините мерки. Врз основа на нив може да се подобруваат законите, политиките и практиката и истите треба да се достапни за јавноста.

**Предлог/препорака**

Во рамки на стратешкиот приоритет „Воспоставен ефикасен систем за прибирање и анализа на податоци, следење на состојбата со насилството“ од Националната стратегија и Акциски план за превенција и заштита на децата од насилство, НКТ треба да дефинира и индикатори за следење и прибирање податоци поврзани со сексуалната злоупотреба на деца преку интернет.

Децата се соочуваат со предизвици во пристапот до правда за случаи кои ја засегаат дигиталната средина од неколку причини. Таквите предизвици настануваат заради недостаток на закони со кои се санкционираат прекршувањата на правата на децата, особено правата во дигиталната средина, тешкотии во собирањето докази и идентификувањето на сторителот и затоа што децата и нивните родители/старатели не се запознаени со нивните права или пак што претставува прекршување или злоупотреба на нивните права во дигиталната средина. Дополнителни предизвици може да се појават ако од децата се бара да откријат осетливи или приватни активности на интернет или заради страв од одмазда од врсниците или социјално исклучување. Државите треба да се погрижат соодветните корективни судски и вонсудски механизми за кршење на детските права во дигиталната средина да бидат широко познати и лесно достапни на сите деца и на нивните претставници. Механизмите за пријавување и поднесување тужби треба да бидат бесплатни, сигурни, доверливи, прилагодени на децата и да бидат достапни во пристапни формати.

**Предлог / препорака**

Осмислување на долгорочни едукативни кампањи за запознавање со правата на децата во дигиталната средина со посебен фокус за правата за заштита од сексуална злоупотреба на децата преку интернет, потоа за запознавање со корективните и вонсудски механизми за кршење на детските права во дигиталната средина, како и со механизмите за пријавување и поднесување тужби за прекршување и повреда на детските права во дигиталната средина, особено сексуално искористување и злоупотреба преку интернет.

Доколку шифрирањето се смета за соодветно средство, државите би требало да ги разгледаат соодветните мерки со кои се овозможува откривање и пријавување на материјал кој содржи сексуално искористување и злоупотреба на деца или материјал кој содржи сексуална злоупотреба на деца. Таквите мерки мора да се строго ограничени, во согласност со принципите на законитост, нужност и пропорционалност.

Многу деца користат аватари или псевдоними со кои го штитат својот идентитет,

а таквата практика може да биде важна во заштитата на приватноста на децата.

Облиците на дигитално посредувано насилство и сексуално искористување може да вклучуваат кибер агресија, злоупотреба и закани за угледот, создавање и споделување сексуални пораки или слики без претходна согласност, како што е содржината создадена од самото дете преку наговарање и/или принуда и преку поттикнување самоповредување, како што се исеченици, суицидно однесување или нарушувања во исхраната. Ако децата преземале некоја од овие активности, државите треба да применат пристапи на превенција, заштита и ресторативна правда за вклучените деца кога е тоа можно.

И покрај извонредните напори, во своите завршни забелешки од 2022 година[5], Комитетот за правата на детето ја повика Македонија да: 1) обезбеди целосно спроведување на Националната стратегија преку доволна распределба на средства; 2) зајакнување на центрите за социјална работа со зголемување на бројот на социјални работници и обезбедување на нивната достапност 24/7, формализирање на координацијата и соработката со здравствениот сектор и органите за спроведување на законот со цел да се обезбеди унифициран пристап за поддршка на децата кои се изложени на ризик од насилство; 3) спроведување на задолжителен систем за известување, истрага и мултисекторска интервенција пријателска за децата во сите случаи на насилство, вклучувајќи ги и случаите на занемарување и сексуална злоупотреба, внатре и надвор од домот и во дигиталната средина[6].

5 Committee on the Rights of the Child, 2022. Concluding observations on the combined third to sixth reports of North Macedonia. g2252964.pdf

6 ЕСРАТ, ПДАС Меѓаши. 2023. International, regional and national commitments and legislation on sexual exploitation of children

## 2. Сеопфатноста и јасноста на регулативната рамка за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет

Според член 1 од Уставот РС Македонија е социјална држава и како таква има законска обврска да обезбеди социјална грижа и заштита, особено за децата и општествено исклучените групи.

Во табелите подолу даден е кус преглед на релевантните стратешки документи (табела 2), како и закони (табела 3) чија содржина повеќе или помалку е поврзана со заштита на децата од насилство општо и/или со заштита од сексуална злоупотреба преку интернет поконкретно.

| **Национална стратешка рамка и политики за превенција и заштита на децата од насилство** | |
|---|---|
| **Документ** | **Поврзаност со заштита на децата од насилство општо и/или со заштита од сексуална злоупотреба преку интернет поконкретно** |
| Национална стратегија (2020-2025) и Акциски план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство - 2019 г. | Шест приоритетни области: Национална стратешка и законска рамка; Унапредување на знаењата, практиките и поттикнување ставови и вредностите за нулта толеранција кон насилство; Превентивни програми засновани и јакнење на отпорноста кај децата и семејствата; Унапреден и зголемен капацитет на службите и институциите за обезбедување меѓусекторски пристап; механизми за заштита, рехабилитација и поддршка на децата во контакт со системот за правда на деца; Воспоставен ефикасен систем за прибирање и анализа на податоци, следење на состојбата со насилството |

| | |
|---|---|
| Националната стратегија за млади за периодот 2016-2025 година | укажува на зголемена појава на случаи на насилство (врсничко и родово базирано), силеџиство, повреди меѓу младите, млади на улица и занемарување, како и зголемен број случаи на повреди и смртност како последица на сообраќајни несреќи |
| Сеопфатната стратегија за образование и акцискиот план (2018-2025) | Активноста за промовирање на здрава и безбедна средина за учење, намалување на училишното насилство, промовирање на ученичките права, како и вонаставни активности |
| Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 | вонинституционални и институционални форми на заштита и третман на деца и жени и континуирана заштита и третман за деца и жени жртви на сексуално насилство |
| Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика 2022 – 2026 година | заштитата на децата се остварува преку обезбедување определени права, средства и облици за заштита на децата и згрижување и воспитание на деца и преку установи за деца |
| Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и нелегална миграција (2017-2025) | Во приоритетна област превенција, стратешка цел е идентификување на причини за појава на трговија со луѓе/децаи нелегална имиграција (национални и регионални истражувања), како и намалување на побарувачката и предвидени се кампањи за подигнување на свеста за последиците од трговијата со деца врз самата жртва и од друга страна зголемување на бројот на идентификувани, пријавени и осудени сторители |

**Табела 2.** Преглед на националната стратешка рамка на политики и програми

Македонија ги усвои Националната стратегија (2020-2025) и Акциониот план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од сите видови на насилство, со цел создавање на безбедна и сигурна средина за детето, преку напреден национален систем за превенција и заштита од сите видови на насилство и други негативни искуства од детството, како и обезбедување на услуги за поддршка на децата. Меѓу широкиот спектар на цели на стратегијата, образованието на родителите и старателите кон позитивна и ненасилна дисциплина на детето, заедно со заштитата и поддршката на децата во детскиот правен систем, се во суштината на оваа политика. Промовирањето на правата на децата и нивната заштита во рамките на правниот систем понатаму се базира на зајакнување на националната правна рамка, како и зголемување на капацитетот на професионалците кои работат со децата жртви. Слично на тоа, стратешкиот одговор на ИПА III на РС Македонија, кој укажува на начинот со кој Македонија сака да ги искористи фондовите на ЕУ во процесот на пристапување, го дефинира како приоритет на интервенцијата подобрувањето на пристапот до правда за децата. Сепак, овој документ не содржи никакви референци за онлајн сексуална експлоатација и злоупотреба на деца.

Во 2021 година, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи започнаа двегодишна иницијатива наречена “Само децата – ЕУ за малолетничка и детска правда” финансирана од страна на делегацијата на Европската унија и ко-финансирана од УНИЦЕФ. Оваа иницијатива имаше за цел да ги поддржи реформите на владата за да се осигура дека правниот систем ги штити правата на децата кои доаѓаат во контакт со законот. Поконкретно, иницијативата ја нагласи важноста на спречување на секундарната виктимизација на децата во судир со законот преку обезбедување на безбедни програми за заштита, рехабилитација и

реинтеграција[7].

Понатаму, во септември 2022 година беше усвоена Стратегија за превенција и правда за децата (2022-2027) заедно со Акциониот план (2022-2023). Стратегијата е структурирана во дванаесет стратешки приоритети, кои вклучуваат: програми за секундарна превенција; програми за рана интервенција; специјализација и меѓу секторска соработка; фер третман и судење; мерки базирани на заедницата; институционални мерки, лишување од слобода и предвремено ослободување; правата на детето и посебните мерки за заштита; интегрирани мултидисциплинарни и меѓу секторски услуги; правото на децата на информации и учество; правна рамка за правда за децата; подигање на свеста за правдата за децата; управување со податоци за правда за децата.

7 Јавна расправа за законските реформи за правда за децата

| Национална законска рамка за превенција и заштита на децата од насилство | |
|---|---|
| **Закон ...** | **Поврзаност со заштита на децата од насилство општо и/или со заштита од сексуална злоупотреба преку интернет поконкретно** |
| за правда за деца | приоритетен интерес е даден на остварување заштита на децата од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци и од поврат на такви дела, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на РС Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата |
| за заштита на децата | член 12 предвидува заштита на децата од сите видови насилство и тоа: (1) се забранува секоја форма на дискриминација; (2) се забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата. Другите форми на злоупотреба се регулирани согласно во членовите 13,14,15. Член 228 одредува и парични казни за установи и физички лица во случаи на злоупотреба на децата |
| за семејство | Се осврнува на проблемите поврзани со семејното насилство, и посветува внимание на детето како индиректна жртва: член 33-а забранува секаков вид на насилство во бракот и семејството; член 90, 91, 92 го регулираат родителското право во случаи на злоупотреба |
| за основно образование | предвидува мерки за спречување насилство врз учениците: член 5, став 4 обврзува вработените да се спротивстават на сите облици на дискриминација и насилство; член 49, став 5, во рамки годишната програма за работа се планира промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација; член 65 забранува телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување кон него; член 66 ја регулира улогата на директорот на училиштето и постапката за пријавување и заштита на ученик-жртва на насилство; член 76 упатува на советување на родителите/старатели ако ученикот учествува во различни форми на насилство; член 117 ги регулира надлежностите на директорот меѓу кои е и пријавување на кој било облик на насилство, злоупотреба и занемарување сторено врз ученик до надлежните институции; член 170 регулира казнени одредби при телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување |
| за средно образование | член 51 го забранува телесното казнување и психичкото малтретирање на ученикот; член 58-а став 1, родителот/старателот се упатува на советување, доколку ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство |

| | |
|---|---|
| за здравствено | предвидува задолжително здравствено осигурување за деца под 18 години кои имаат право да ги добиваат сите медицински услуги во здравствените установи |
| за евиденции во областа на здравството | Член 8, став 1 регулира здравствените установи да водат евиденција за насилство и за повреди во домот; член 11, став 3 пропишува Институтот за јавно здравје да води регистар за насилство и регистар за повреди во домот |
| за превенција, спречу-вање и заштита од семејно насилство | посебни дефиниции за: физичко насилство, психолошко насилство, демнење, сексуално насилство и економско насилство; дефинира кога детето се третира како жртва на семејно насилство. |
| Кривичен законик | Според член 122, став 21 под дете-жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до 18 години, додека семејно насилство е регулирано во став 22. Казнената политика при телесната повреда на дете и при семејно насилство се уредуваат во член 130, 131 и 144. Вршење обљуба врз дете се регулира со член 187, напуштање немоќно дете е регулирано во член 200, додека за запуштање и малтретирање дете казната е регулирана во член 201 за родител, посвоител, старател или друго лице; чл. 418-г од КЗ на РСМ под трговија со дете подразбира лице што било предмет на трговија со луѓе и жртва на кривичното дело |

**Табела 3.** Преглед на националната законска рамка поврзана со заштита на децата од насилство и / или со заштита од сексуална злоупотреба преку интернет

## 3. Ефикасноста на институционалните капацитети за заштита на децата од сексуално искористување и злоупотреба во дигиталниот простор

Централна институција за креирање политики, стратешко планирање, управување и следење на законитоста во областа на социјална грижа и заштита е **Министерството за социјална политика, демографија и млади** (претходно МТСП). Мрежата јавни установи за социјална заштита ја сочинуваат Заводот за социјални дејности, 30 центри за социјална работа, 11 установи за социјална заштита и 33 центри за дневно и привремено згрижување корисници. Во системот за социјална заштита регистрирани се приватни установи за социјална заштита на деца со делумно финансирање на повеќе дневни центри. Во системот на социјална заштита регистрирана е една приватна установа, СОС Детско село. Во моментов има 61 дневен центар во целата земја, вклучувајќи ги и социјалните клубови и центрите за ментално здравје во заедницата. Згрижувачките семејства обезбедуваат сместување, грижа и поддршка. Развојот на дејноста за заштита на децата се утврдува со Програма преку која се планира обезбедувањето услови за оптимален опфат на децата во системот на правата за заштита на децата, како и на зголемен опфат на децата за згрижување и воспитание. Во 2018 година МТСП ги усвои стандардите и процедури за: работа на центар за лица жртви на семејно насилство (засолниште); работа на советувалиште за сторители на семејно насилство работа на советувалиште за жртви на семејно насилство и социјална работа во областа семејно насилство. Во 2019 година отворени се 10 специјализирани сервиси за жртви на семејно насилство (советувалишта за жртви, кризни центри и центри за лица жртви на семејно насилство/засолништа) во 6 плански региони на територијата на РСМ[8]. Во 2021 година, Министерството за труд и социјална политика

8 Национална стратегија (2020-2025) и Акционен план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство

преку Националното координативно тело за превенција и заштита на деца од злоупотреба и занемарување, во соработка со UNICEF, се заложи за сеопфатен пристап во превенција и заштита на децата жртви на насилство преку промовирање и ширење на Протоколот за постапување на меѓусекторски тим за заштита на деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство[9]. Протоколот ги уредува процедурите на постапување на меѓусекторскиот тим, структурата и функционирањето при заштита на деца жртви на насилство и злоупотреба. Правна основа за ваков вид соработка постои во Законот за правда за децата, Законот за кривичната постапка, Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, Законот за семејство, Законот за заштита на деца, потоа во Протоколот за заедничко постапување во случаи на деца злоупотребени и занемарени, како и во посебните процедури развиени во секој сектор поединечно. Иако постои терминолошка разлика во законите како меѓу-секторска соработка, мулти-секторска, мултидисциплинарен тим, основната идеја е заедничкото работење, соработка и координација со иста, заедничка цел. Притоа, секој сектор постапува согласно своите матични закони, пропишаните стандарди и процедури, при што не ја нарушува внатрешната организација и поставеност на институцијата, но ги почитува заедничките законски одредби кои ги поврзуваат и упатуваат на меѓусебна соработка и известувања. Меѓусекторскиот пристап и соработка е единствен модел за координирано постапување во случај на насилство врз децата и давање ефикасна заштита од секундарна виктимизација, понатамошно трауматизирање и унапредување на здравјето, развојот и благосостојбата на децата. Моделот на меѓусекторски тим (МСТ) за постапување и заштита на деца од злоупотреба, занемарување и насилство претставува соработка помеѓу сите сектори во системот на заштита на децата односно полиција, центар за социјална работа, јавно обвинителство, судија за деца, здравствен, образовен сектор и граѓански организации кои работат преку договорена процедура. Работејќи во согласност со стандардите кои се поставени во МСТ, професионалците од сите сектори може да обезбедат сеопфатен, достапен и меѓу секторски пристап за секое дете на начин неговиот најдобар интерес да стане примарно прашање.

**Министерството за правда** направи значителни вложувања во реформите во правосудството и правосудниот систем во текот на изминатата деценија, вклучително и системот за детска правда. Реформите се насочени кон усогласување на практиката со меѓународните стандарди и развивање на вонсудско постапување и примена на мерки кои не вклучуваат лишување од слобода на деца во судир со законот.

**Министерството за внатрешни работи** (МВР) е надлежно за безбедноста и заштитата на децата од сите видови насилство. Од страна на надлежните власти за откривање и гонење на криминалот, а особено и во преден план од страна на Министерството за внатрешни работи, при усвојувањето на новата Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе, вклучен и донесен е и посебен акциски план наменет за децата. Во Националната стратегија за безбедност на интернет (2018 – 2022) и Акцискиот план (2018 – 2022), предвидени се активности за едукација на деца и нивно вклучување во соодветни ЕУ-програми преку Секретаријатот за европски прашања, но се дел од планираните активности за 2019 година.

Во текот на 2018 година подготвени се внатрешни документи и направени се измени и дополнувања на Правилникот за нормативи и стандарди за простории, опрема, стручен персонал и финансиски средства потребни за основање и пуштање во употреба на објект за социјална работа, односно државно засолниште, со име Центар за жртви на трговија со луѓе, кој треба да опфати и жртви на сексуално насилство. МВР се посвети на воспоставување на систем на правда за децата – ресторативна правда. До 2007 година, со поддршка од УНИЦЕФ и ОБСЕ, беа формирани деветнаесет (19) простории за разговор за деца во рамките на полициски станици и ЦСР во следниве градови: Битола, Дебар, Делчево, Гевгелија, Гостивар, Неготино, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Куманово, Охрид, Прилеп, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Штип и Велес.
Соработката на МВР и УНИЦЕФ е и на проектот за онлајн заштита на децата од насилство и сексуална експлоатација, чиј носител е Секторот

9 МТСП, НКТ, 2021. Протокол за постапување на меѓусекторски тим за заштита на деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство

за компјутерски криминал. Проектот е насочен кон онлајн заштита на децата од насилство и сексуална експлоатација, вклучително и преку спречување на нелегална трговија со луѓе, во поддршка на Националната стратегија за ставање на крај на насилството врз децата (2020-2025), новата стратегија за борба против криминалот на интернет, јакнење на едукативните кампањи и свесноста, развивање на механизми за превенција, јакнење на капацитетите, усогласување на законодавството итн.

**Здравствениот систем** во Македонија се спроведува на три нивоа: примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита. Здравствената заштита на училишни деца и млади се одвива во 38 здравствени установи, сите лоцирани во урбаните средини каде има 69 доктори и 105 здравствени работници за здравствена заштита на децата. За деца жртви на злоупотреба, здравствените работници се должни да извршат преглед и издадат соодветна медицинска документација за утврдената повреда[10]. Лекари по општата/семејна медицина, патронажни медицински сестри беа обучени за јакнење вештини и практики на позитивно родителство и препознавање мајки во ризик. Рутински скрининг за НИД се пилотира во десет ординации по семејна медицина, со цел утврдување на преваленцата на случаите на НИД и упатување понатаму во системот. МЗ има основано три центри за скрининг на случаи на сексуално насилство со посебна заштита за деца-жртви на сексуална злоупотреба во Скопје, Куманово и Тетово[11].

**Министерството за образование и наука** е организирано во неколку сектори. Основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Во земјата има 347 основни училишта (околу 1.100 вклучувајќи ги и подрачните). Средното образование е исто така задолжително и бесплатно, поделено е во четири видови: гимназиско, средно стручно образование, уметничко образование и образование за ученици со посебни образовни потреби. Меѓу постоечките 124 средни училишта, 108 се јавни, а преостанатите 16 се приватни. Постојат исто така неколку институции во рамки на системот што се одговорни за различни аспекти на образованието: Биро за развој на образованието; Центар за стручно образование и обука; Центар за образование на возрасни; Државен испитен центар, Државен просветен инспекторат и Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците. Стратегијата за образование (2018 – 2025) дава информации за пристапност кон сервиси за поддршка и едукативни мултимедијални ресурси на интернет. Направена е ревизија на наставните планови и програми од областа на ИКТ во основното и во средното образование и е зголемена застапеноста на содржините за ИКТ со тоа што се воведени задолжителни предмети од оваа област уште од III одделение во основното образование и е овозможен континуитет во изучување на информатиката во сите четири години на средното образование. Но, треба да се напомене дека не се предвидува поддршка на наставниот кадар за едукација за безбедно користење на интернетот и за дигиталната безбедност, како превенција од малициозни содржини и сервиси на интернет.

**Министерството за дигитална трансформација** во ноември, 2024 годна ја одржа првата јавна расправа за Националната стратегија за безбедност на интернет 2024-2028, на која беше претставена визијата за градење на безбеден и доверлив дигитален простор во државата. Петте клучни столба на стратегијата се: градење силни национални капацитети, безбедност и отпорност на суштинските субјекти, градење општество отпорно на кибер закани, минимизирање на влијанието на инцидентите, како и национална и меѓународна соработка. Стратегијата се води и од обврските кон НАТО и Европската Унија, особено во делот на усогласување со НИС 2 Директивата. Стратегијата предвидува формирање на нов Сектор за безбедност на интернет во рамките на Министерството, кој ќе има повеќе клучни функции - ќе врши надзор над усогласеноста со безбедносните стандарди, ќе воспостави и управува со Владиниот безбедносен оперативен центар, и ќе координира со владиниот тим за одговор на компјутерски безбедносни

10 Orovchanec-Arangjelovikj, J., &Kocevski, G. (2018). Comparative analysis on the legislation pertaining to protection from violence against children between our and countries with contextual similarities. Skopje: UNICEF

11 UNICEF. (2019). Primary health care will address adverse childhood experiences. Pilot Initiative. Pressrelease, retrieved from https://www.unicef.org/northmacedonia/press releases/primary-health-care-will-address-adverse-childhood-experiences

инциденти. За обезбедување успешна имплементација на Стратегијата воспоставена е јасна организациска структура каде Министерството за дигитална трансформација ќе биде носител на 76 конкретни задачи, МВР на 17 задачи, МКД ЦИРТ на 15, Министерството за одбрана и Армијата на 4, а Министерството за надворешни работи на 5 задачи. Значајна улога ќе имаат и Агенцијата за национална безбедност, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, универзитетите и други суштински субјекти. Стратегијата предвидува и формирање на регионален центар за извонредност за справување со хибридни закани, воспоставување на национален центар за заштита на деца и млади на интернет - MKSafeNet[12], како и развој на сеопфатна национална платформа за едукација достапна за сите граѓани. Во рамки на програмата „Дигитална Европа“, оваа година Министерството за дигитална трансформација потпиша договор за грант со Европската Унија, за основање на првиот Национален центар за побезбеден интернет – MkSafeNet. MkSafeNet ќе се реализира во текот на 18 месеци и ќе вклучува студија со акциски план за конкретни обврски на секој од засегнатите чинители, формирање на Центар за подигнување на свесноста од заканите на интернет, телефон за помош (Helpline), младински панел и советодавен одбор. Проектот е целосно усогласен со EU Digital Services Act и стратегијата Better Internet for Kids (BIK+).

## Предлог / препорака

При подготовката на следната стратегија за сајбер безбедност, се препорачува да се зголеми бројот на активностите и на вклучените страни за подготовка на едукативни материјали и средби за подигнување на свеста за безбедно користење на интернетот. Особено е важно новата стратегија да вклучува дел што ќе се фокусира на **безбедноста на децата во дигиталниот простор** и при креирањето на документот да се спроведе **консултативен процес и со децата/младите**.

Постојат повеќе **граѓански организации и здруженија** кои обезбедуват услуги и служби и се занимаваат со промоција, превенција и заштита од злоупотреба и занемарување и унапредување на правата на децата. МТСП подготви Регистар на здруженија од областа на социјалната заштита лиценцирани за работа во доменот на социјалната заштита.

Релевантни **национални механизми** кои ја унапредуваат работата на превенцијата и заштитата на децата од насилство се:

**Народниот правобранител[13]** е специфичен, посебен, стручен и независен орган за заштита на правата на граѓаните, за прв пат избран во 1997 година. Во извршувањето на функциите и надлежностите на народниот правобранител му помагаат заменици. Исто така формирано е одделение за заштита на правата на децата. Подрачни канцеларии на Народниот правобранител има во следниве градови: Тетово, Куманово, Кичево, Битола, Штип и Струмица.

**Националното координативно тело (НКТ) за заштита на децата од злоупотреба и занемарување** првично е основано со одлука на Владата во 2012 година, а повторно е воспоставено во 2017 година. Составено е од претставници на од: МТСП, МВР, МОН, Министерството за здравство, Министерството за правда, ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија, ЈУ Завод за ментално здравје на деца и младинци, ЈУ Завод за социјални дејности, Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, Првата детска амбасада во светот Меѓаши, СОС Детско село, Здружението за заштита на правата на децата и Советот за превентива против малолетничка деликвенција. Со телото претседава министерот за труд и социјална политика, а телото има мандат да го следи насилството врз децата, да придонесе во развојот на законодавната и политичката рамка на оваа тема и да ги координира активностите меѓу релевантните акционери. НКТ, со поддршка на УНИЦЕФ Македонија, имплементира процес за собирање на податоци за децата жртви на насилство, злоупотреба и занемарување за подобро да ги идентификуваат нивните потреби. Првиот извештај врз основа на индикаторите развиени за ова собирање на податоци беше објавен во 2019 година, вклучувајќи анализа на податоците собрани во 2017 година. Сепак, овие податоци не укажуваат на вистинската распространетост на насилството врз децата во

12 ПДАС Меѓаши е дел од проектот за воспоставување на националниот центар за заштита на деца и млади на интернет, заедно со голем број други чинители

13 Народен правобранител, http://ombudsman.mk/

земјата и анализата од 2022 година сугерира дека, по неколку циклуси на собирање на податоци, индикаторите треба повторно да се разгледаат и дополнително да се пречистат.

## Препораки

НКТ е многу малку видливо во јавноста, надвор од стручната. За подигнување на јавната свест за сите прашања поврзани со заштитата на децата од секаков вид злоупотреба, вклучително и од сексуална злоупотреба во дигиталниот простор, од големо значење е излегувањето на членовите од НКТ во јавноста со свои сознанија, истражувања, препораки, резултати од работата на меѓусекторскиот тим формиран во согласност со Протоколот за постапување на меѓу секторски тим за заштита на деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство. Пожелно би било НКТ да подготви своја комуникациска стратегија за да може да пренесе важни пораки во борбата против насилство и злоупотреба на децата.

Од јули 2023 година, **Државниот совет за спречување на детското престапништво**[14], основан со Законот за правда за децата во 2009 година, е оперативен. Неговиот мандат вклучува усвојување на национална стратегија за спречување на детската деликвенција, давање предлози во врска со реформата на законот, иницирање истражување на децата во допир со законот и поддршка на работата на општинските совети за детска деликвенција. Државниот совет подготвува годишни извештаи кои обезбедуваат податоци за децата кои дошле во конфликт со законот и децата жртви на злосторства, собрани од 78 институции низ целата земја (центри за социјална работа, полициски оддели, јавни обвинителства и судови), анализирани и презентирани под 32 различни индикатори. УНИЦЕФ Македонија го поддржа развојот на овие индикатори, помогна во градењето на капацитетот на членовите на советот за застапување и истражување. Годишните извештаи се доставуваат до Собранието на РС Македонија, Владата, Судскиот совет и Врховниот суд, кои се обврзани да ги разгледаат и да преземат соодветни мерки и активности, во согласност со нивните надлежности, но нивното спроведување често заостанува. Ова укажува на потребата за зајакнување на механизмите за одговорност за спроведување на препораките.

Во однос на заштитата на децата во онлајн средината, **Форумот за управување со интернетот** на РС Македонија организира годишни настани кои се однесуваат на приватноста на интернет и безбедноста на децата на интернет. Како што е наведено во извештајот од 2020 година на Меѓународната унија за телекомуникации кој се фокусира на статусот на националните екосистеми за заштита на децата онлајн во Југоисточна Европа, иако постојат некои активности за заштита на децата онлајн во Македонија, постои потреба да се зголеми организацискиот капацитет на активностите насочени кон подигање на свеста и образованието меѓу децата, родители и наставници. Интернет акционерите и владата треба да работат во синергија за да се постигне оваа заедничка цел.

Во 2022 година, РС Македонија стана **членка на Глобалната работна група** свикана од **„WeProtect Global Alliance“**. Работната група има за цел да ја подобри соработката меѓу владите за да се идентификуваат празнините и можностите во законодавните рамки. Работната група има за цел да развие и вози глобален координиран одговор на сексуалната злоупотреба на деца онлајн со вклучување на граѓанското општество и агенциите за спроведување на законот за промовирање на меѓусекторски координиран одговор на сексуалната злоупотреба на деца онлајн.

**Националното координативно тело против семејно насилство**, формирано со решение на Владата, со цел имплементацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство - Истанбулската конвенција[15].

**Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција** претставува меѓуминистерско тело кое врши следење и анализа на состојбите во врска со трговијата со луѓе и илегална миграција. Во 2003 година, формиран е Секретаријат на Националната комисија и Подгрупата за борба против трговија со деца како работни тела на

14 Службен весник на РМ, бр. 148/2013

15 http://www.mtsp.gov.mk/januari-2018-ns_article-odrzana-konstitutivna-sednica-na-nacionalnoto-koordinativno-telo-protiv-semejno-nasilstvo.nspx

националната комисија.

Во рамки на работата на МТСП беа изготвени поголем број документи/прописи и протоколи за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување деца, семејното насилство и за борба против трговија со луѓе и илегална миграција:

1. Протокол за соработка меѓу надлежните институции во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија[16];
2. Заеднички протокол за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување деца[17];
3. Мултидисциплинарен протокол за постапување (идентификување и упатување) со деца на улица/улични деца[18];
4. Протокол за меѓусебната соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејно насилството[19];
5. Стандардни оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе при постапки за деца жртви на трговија со луѓе, усвоена ревидирана верзија во 2018 година[20];
6. Правилник за начинот на спроведувањето и следењето на мерките за заштита на жртвата на семејно насилство преземени од центарот за социјална работа и за начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита[21];
7. Правилник за начинот на извршување на изречената привремена мерка за заштита – Задолжително посетување на советувалиште од страна на сторителот[22];
8. Правилник за начинот на проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и на ризикот од повторување на насилството, соодветно управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и предлог за изрекување на привремена мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот;
9. Правилник за начинот на извршување на изречените привремени мерки за заштита на жртвата на семејно насилство и членовите на нејзиното семејство[23];
10. Правилникот за начинот на извршување на привремената мерка за заштита од семејно насилство - Задолжително лекување на сторителот при злоупотреба на алкохол[24], дрога и други психотропни сустанции или има психичко заболување[25].

16 МТСП, http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/protokol_zloupotreba_deca.pdf
17 МТСП, http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
18 МТСП, http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
19 Службен весник на РМ бр. 143/2015
20 http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/operativni.pdf
21 Службен Весник на Република Македонија бр.17/15
22 Службен Весник на Република Македонија бр.17/15
23 Службен Весник на Република Македонија бр.28/15
24 Службен Весник на Република Македонија бр.94/15
25 Службен Весник на Република Македонија бр.28/15

# 4. Состојбата на правото на децата на безбедност и сигурност низ леќите на постојните истражувања

Ангажирањето на интернет потенцијално ги изложува децата на широк спектар на форми на насилство и штета. Сепак, односот помеѓу употребата на дигитална технологија, ризикот од штета и korиста е комплексен. Повеќе организации ги истражуваат различните аспекти на овој комплексен проблем. Меѓународната телекомуникациска унија (ITU – International Telecommunications Union) чија членка е и Македонија од 4 мај 1993 година, важно место меѓу своите активности за кибер безбедност, заземаат и активностите за безбедност на децата на интернет. Така, МТУ, во својот Совет има посебна работна група задолжена за безбедноста на децата на интернет чии задачи се, меѓу другото, да ја подигнува свеста за прашањата поврзани со безбедноста на децата на интернет како и споделување на најдобрите практики, да обезбедува помош и поддршка на земјите членки во подготовката и спроведувањето на

регулативите и активностите за безбедноста на интернет на децата итн. ИНХОП (INHOPE) е глобална мрежа на линии за помош која заедно со своите членки и во соработка со приватниот ИТ сектор и надлежните институции работат на предизвиците на дигиталната средина за безбедноста на децата, отстранувајќи ги материјалите за сексуална злоупотреба на деца во дигиталниот простор. Торн пак е непрофитна организација за иновативна технологија која преку креирање технолошки решенија – производи и програми – ефикасно се бори против сексуалната злоупотреба преку интернет на децата. Глобалната мрежа ЕЦПАТ Интернационал (ECPAT International) исто така се бори против сексуалната злоупотреба на децата преку истражувања и анализи, подигнување на свеста, јакнење на капацитетите на своите членки за поефикасна борба против овој проблем. Во продолжение дадени се неколку истражувања од овие организации кои укажуваат на глобалноста на проблемот.

### 4.1. Меѓународни истражувања

Во последното истражување на националните екосистеми за безбедност на децата на интернет во Југоисточна Европа од ITU[26], идентификуваните предизвици заеднички за сите земји, во кои влегува и Македонија вклучуваат: креирање, разработка и реализација на национални стратегии и активности за заштита на децата на интернет; сеопфатност/диверзификација на вклучените чинители; правните аспекти на заштитат на децата на интернет и материјалот за сексуална експлоатација на деца; вклученоста на ИТ секторот и поддршката од овој сектор; подигнување на свеста и едукативни кампањи.

За да се намалат ризиците од дигиталната револуција, истовремено овозможувајќи им на повеќе деца и млади луѓе да ги искористат нејзините придобивки, владите, граѓанското општество, локалните заедници, меѓународните организации и приватниот сектор мора да се здружат во заедничка цел. На национално ниво, заштитата на децата преку Интернет е заедничка одговорност која бара координирана акција за спречување на ризиците и одговор на нив, од страна на владините власти, приватниот сектор и граѓанското општество. Сеопфатната правна рамка е суштинска алатка за промовирање на поддржувачка и побезбедна онлајн средина за децата и младите. Понатаму, секоја национална стратегија треба да се развие, имплементира и спроведе со пристап од повеќе засегнати страни. Додека многу земји имаат таква рамка или стратегија, многу други немаат.

**Предлог / препорака**

Како што е и наведено во извештајот, идентификуваните предизвици и наодите во овој извештај треба подетално да се истражат во секоја од земјите, како и да се земат предвид при креирањето на стратегиите за безбедноста на децата на интернет. Би било пожелно при креирањето на новата стратегија за безбедност на интернет да се направат дополнителни истражувања следејќи ја методологијата на ИТУ.

Во својот извештај од последниот глобален преглед на легислативата за сексуална злоупотреба на деца преку интернет: резиме на прегледот на националните закони за сексуална злоупотреба на деца преку интернет во земјите членки на **INHOPE** и земјите членки на Конвенцијата од Ланзарот, меѓу најважните забелешки е онаа која се однесува на користењето на прецизна терминологија. „Од витално значење е да се користи правилна и попрецизна терминологија кога се зборува за материјал што прикажува деца во сексуално експлицитно однесување. Меѓународно е признаено дека терминот „детска порнографија“ е застарен и не ја опишува природата на овие материјали. Наместо тоа, претпочитаната терминологија е (1) „материјал за сексуална злоупотреба на деца“ и (2) „материјал за сексуална експлоатација на деца“, бидејќи и двата термина точно ја одразуваат вистинската природа на материјалот и злоупотребата зад создавањето на таков материјал (т.е. децата се заведени, принудени и искористувани од нивните насилници). Кога материјалите за сексуална злоупотреба на деца ги именуваме како „порнографија“, го ставаме фокусот на тоа како се користат овие материјали, наместо на самиот криминал. **Од клучно значење е законодавството да прави јасна разлика помеѓу луѓето што прават или гледаат**

26 International Telecommunication Union (ITU), 2020. Status of national child online protection ecosystems in South Eastern Europe

**порнографија и сторителите кои сексуално злоупотребуваат деца, дистрибуираат и конзумираат нелегален материјал што доведува до повторна виктимизација.** Погрешно е да се категоризираат материјалите што прикажуваат сексуална злоупотреба на деца под широкиот термин „порнографија", кој во своето конвенционално и обично значење вклучува слободна сексуална акција меѓу возрасни. Ова може да доведе до разбирање на овој вид материјал (што прикажува деца во сексуално експлицитно однесување) како под-категорија на порнографијата, што пак **го зголемува ризикот од нормализирање, банализирање, па дури и легитимирање на сексуалната злоупотреба и експлоатација на децата.** Понатаму, користењето на терминот „детска порнографија" го зголемува ризикот да се пренесе дека производството на материјал што прикажува сексуални дејствија со деца во некои околности може да биде консензуално и/или законско, што дополнително води кон ставање вина на детето, а не на сторителот на прекршокот"[27]. ИНХОП прават преглед на користената терминологија во законите според држава, а Македонија е во групата земји кои сеуште го користат терминот „детска порнографија" заедно со најголемиот број држави. Само девет (9) од анализираните земји го користат попрецизниот термин „материјал за сексуална експлоатација/злоупотреба на деца" (Австралија, Австрија, Белгија, Данска, Норвешка, Филипини, Јужна Кореја, Тајван и Турција).

## Предлог / препорака

Заради попрецизно дефинирање на појавата силно се препорачува промена на терминот „детска порнографија" во „материјал за сексуална злоупотреба и/или експлоатација на деца" во сите релевантни закони во нашето законодавство. На овој начин се менува и перцепцијата кон и разбирањето на проблемот, што пак води и кон преземање посоодветни мерки и решенија на секое ниво – и на ниво на правосудниот систем и на ниво на подигнување на свеста, едукацијата итн.

Колку што е важно да се разбере колку често младите луѓе имаат потенцијално штетни онлајн сексуални интеракции исто толку е важно да се идентификува каде се случуваат овие интеракции за да се најдат ефективни решенија. Оттаму, истражувањето[28] што го спроведува **Торн** ги анализираат изјавите на малолетниците каде имале онлајн сексуални искуства на два различни начини: (1) процентот на малолетници кои имале такво искуство на определена платформа и (2) процент на корисниците на таа платформа кои имале такво искуство. Првото не информира каде најголемиот дел од малолетниците имаат онлајн сексуални интеракции, додека второто покажува кои платформи имаат највисока стапка на вакви искуства за малолетниците. Со други зборови, повеќе малолетници може да имаат онлајн сексуална интеракција на пошироко користените платформи, а сепак можеби поголема е веројатноста корисниците да имаат такво искуство на поретко користените платформи.

Во годишниот извештај од 2023 г., за ставовите и искуствата на младите во дигиталниот простор[29] од истражувањето на примерок од 1040 малолетници на возраст од 9 до 17 години од САД известуваат за пет области поврзани со материјалите за сексуална злоупотреба: (1) најчести платформи на кои малолетниците го поминуваат времето и фокус на оние платформи кои ги користат за сексуална интеракција, (2) потенцијално штетни искуства на интернет, (3) самостојно креирани материјали за сексуална злоупотреба преку интернет, (4) споделување материјал без добиена согласност и (5) одговор на ризиците на интернет. Резимирани се следните заклучоци: во 2023., првите пет најкористени платформи биле јутјуб (98 %), тикток (84 %), Роблокс (80 %), Мајнкрафт (78 %) и Фортнајт (73 %); трите платформи кај кои бил забележан значаен пораст во користењето биле ГТА (+9 %), Роблокс (+8 %) и фејсбук (+5 %); најчесто дневно користени биле јутјуб (83 %), тикток (64 %), снепчет (48 %), фејсбук (47 %) и инстаграм (45 %). Како и во претходните години, и во 2023., малолетниците користеле апликации наменети за возрасни корисници за романтични или сексуални искуства – повеќе

27 INHOPE, 2024. Global CSAM Legislative Overview
28 Thorn, 2022. Youth Perspectives on Online Safety, 2022: an Annual Report of Youth Attitudes and Experiences Findings from 2022 qualitative and quantitative research among 9-17-year-olds.
29 Thorn, 2023. Youth perspectives on Online Safety, 2023: An annual report of youth attitudes and experiences.

од 1 на 6 (17 %) малолетници пријавиле дека користат апликација за романтичен состанок („дејт“) (на пр. Tinder, Grindr, Hinge, Bumble или Tagged), а 1 од 6 (16 %) изјавиле дека користеле веб-страница за порнографија. Слично на претходните години, тинејџерите (13 – 17 години) пријавиле поголема употреба на овие страници и апликации во споредба со малолетниците на возраст од 9-12 години; исто така, момчињата пријавиле повисоки стапки на користење на овие апликации од девојчињата. Тинејџерите имале три пати поголема веројатност да пријават дека користеле апликација за состанок („дејт“) од 9-12-годишните и исто така три пати повеќе пријавиле користење страница за порнографија. Користењето на втор профил/акаунт (профили отворени за да ја задржат приватноста од некои групи, како старатели или пријатели) благо се намалило (-6 %). Повеќе од половината (59 %) од малолетниците кажале дека имаат потенцијално штетни искуства на интернет и повеќе од 1 на 3 малолетници известиле дека имале сексуална интеракција преку интернет. Процентот на малолетници кои имале сексуална интеракција со лице за кое сметале дека е под 18 години е 28 % и ист со оние кои кажале дека имале таква интеракција со лице кое е 18 или постаро (28 %). Вакви искуства имале повеќе малолетниците на возраст од 13 – 17 години, но и кај групата од 9 до 12 години 1 на 5 од нив известиле дека имале сексуална интеракција со некој за кој сметале дека е возрасен. Најчестите платформи на кои имале ваков вид интеракција се снепчет (16 %), инстаграм (14 %), месинџер (13 %), фејсбук (12 %), тикток (11 %), X (8 %) и вотсап (8 %). Приближно 1 од 17 малолетници изјавиле дека доживеале „сексторција“. „Сексторција“ е закана дека ќе се споделат експлицитни (интимни) слики од лицето доколку не ги исполни барањата на оној кој се заканува. Малолетниците кои пријавиле дека се жртви на измачување идентификувале низа закани од страна на сторителите: барања да се вратат или да влезат во врска, вклучување во сексуални дејствија, споделување експлицитни слики од себе, од врсници или од браќа/сестри и плаќање пари на изнудувачот. Еден од седум малолетници (17 %) споделиле интимна слика или видео од себе што сами ја направиле, а перцепцијата на малолетниците била дека таквото споделување е нормално - 23 % или 1 од 4 малолетници сметале така. 7 % споделиле нечија слика а 19 % виделе споделена слика од некој друг без добиена согласност. Најголемиот дел од малолетниците (62 %) сметаат дека виновен е оној кој споделил додека 38 % ја обвинувале жртвата на сликата. 16 % не кажале никому за нивното искуство за сексуалната интеракција на интернет, зашто не „било важно“ (38 %) или зашто им било срам или биле загрижени дека ќе ги осудат (38 %); 79 % од оние кои имале сексуална интеракција искористиле алатки за известување, додека помош надвор од интернет просторот побарале 46 %. Најчеста онлајн алатка за безбедност било блокирањето (66 %). 63 % им веруваат на пријателите кои ги знаат лично, додека 17 % сметале дека може да им веруваат на оние кои ги знаат само преку интернет. За 77 % анонимноста при известувањето на самата платформа би ја зголемило веројатноста да се користи таа алатка. Околу половина од малолетниците сакаат да добијат повеќе информации до платформите за начините како да се заштитат себеси од непријатните и од ризичните сексуални искуства на интернет, и како да ги блокираат и пријават лицата што ги вознемируваат. Главните заклучоци посочени во извештајот се дека младите очекуваат соочување со ризични ситуации на интернет и тие ги гледаат платформите како клучни во помагањето како да ги избегнат и да се одбранат од заканите доколку се појават; вториот алармантен заклучок е дека малолетниците се соочуваат со финансиски закани и понуди во некои сексуални интеракции преку интернет; младите луѓе ги користат генеративните технологии за вештачка интелигенција за да создадат експлицитни слики („deepfakes“) на врсниците без нивно одобрување – како што известувале и популарните медиуми и организациите кои работат во екосистемот за безбедност на децата, генеративни алатки за вештачка интелигенција  се користат за создавање CSAM. Ова додава уште една алатка за престапниците да создаваат нов или приспособен материјал, ревиктимизирајќи ги преживеаните и нуди алатки за создавање високо реалистични слики за злоупотреба од бенигни извори како што се училишните фотографии и објавите на социјалните мрежи.

Како што заклучува извештајот, технолошката индустрија е значајна за справување со ризиците поставени од генеративните технологии за вештачка интелигенција за децата, но не и

доволна. Иако технологијата може да биде нова, врсничкото насилство, вознемирувањето, и злоупотребата не се. Од клучно значење е да зборуваме проактивно и директно со младите за штетите предизвикани од „дипфејк“ интимни слики и да се испрати јасна порака за тоа какво однесување е неприфатливо во заедниците и училиштата, без оглед на технологијата што се користи. Денешниот дигитален свет брзо се менува, претставувајќи им нови и понекогаш неочекувани предизвици за младите луѓе додека истражуваат и растат. Она што е важно е да продолжиме да развиваме стратегии кои создавањето безбедни дигитални средини и спроведување на ефективни заштитни мерки го сметаат за приоритетна задача. Овие стратегиите треба да се базираат на искуствата и перспективите на самите млади луѓе, преку нивно директно консултирање и на тој начин покажувајќи им дека тие се важни и имаат влијание во решавањето на нивните потреби и грижи.

## Предлог / препорака

Заштитата на младите луѓе додека поминуваат низ својот сексуален развој во дигиталната ера, значи да им се овозможи разбирање и свесност за ризиците поврзани со сексуалните средби на интернет и да им се дадат алатки како ефективно да одговорат на тие ризици. Разговорите не треба да се фокусираат само на „само не го прави тоа“. Мора да се појават рано, мора јасно да им се предочат ризиците и како да ги избегнат или надминат и мора вклучуваат отворена врата, без осудување и со покажување поддршка во случај на опасност.

И покрај тоа што некои искуства на младите во споделување интимни слики може да се направени доброволно, споделени со дечко или со девојка, сериозна штета се појавува веднаш штом овие слики се споделат понатаму без согласност. Секое следно лице вклучено во редистрибуција на сликите, било активно, со повторно споделување на содржината и придонес кон нејзина понатамошна дистрибуција или пасивно, со примање и гледање на содржината , претставува точка на можна интервенција и намалување на штетата долж инаку бескрајниот ланец. Потенцијалната вредност на информираната врсничка поддршка како заштитен фактор за младите е огромна. И националните и локалните активациски стратегии за вклучување на младите на начини кои ја градат не само нивната индивидуална отпорност на заканите на интернетот, туку и нивната отпорност како составен дел на пошироката врсничка поддршка претставуваат подрачје од витална потреба. Овие интервентни стратегии насочени на врсниците би требало да им помогнат на младите да изградат и да ги зајакнат здравите ставови за споделувањето и ширењето што ги поставуваат согласноста, емпатијата и почитта како средишен дел.

Онлајн просторот им дава вредни можности на младите луѓе да истражуваат и да се поврзуваат но исто така претставуваат и многу реални ризици. Континуираното прибирање и анализа на податоците поврзани со овие теми и понатаму е клучно за давање успешни интервенции кои ги штитат, поддржуваат и јакнат младите луѓе во нивното движење низ растечките дигитални искуства.

Глобалното партнерство за ставање крај на насилството врз децата (Global Partnership to End Violence against Children), преку својата иницијатива „Безбедно на интернет“ (its Safe Online initiative), го финансираше „Спречување на штетите“ – голем истражувачки проект за сексуална експлоатација и злоупотреба на деца преку интернет во 13 земји во Југоисточна Азија и Источна и Јужна Африка во првата фаза од истражувањето[30].

Како партнерство помеѓу ECPAT International, ИНТЕРПОЛ и Канцеларијата за истражување на УНИЦЕФ - Innocenti, „Спречување на штетите“ собра податоци за најмногу осум различни истражувачки активности во секоја земја. Извештаите за секоја земја ги обединуваат податоците од репрезентативно истражување на домаќинствата (деца и старатели), податоци за криминал доставени од националната полиција, анкета на социјални работници и други кои директно работат на терен со жртвите, интервјуа со професионалци во правосудството и млади луѓе

30 Првата фаза од проектот доведе до нови седум милиони американски долари во 2022 година и проширување во уште 12 земји од четири региони во светот. Во об=вие 12 нови земји се вклучи и Македонија. Вкупната инвестиција во овој проект изнесува 15 милиони долари и 25 земји од целиот свет. https://safeonline.global/disrupting-harm/

кои барале правда.

Еден од најзначајните наоди од истражувањето со младите жртви е колку младите луѓе се невешти и неспремни во справувањето со често себичното или престапничко однесување на другите и во дигиталниот простор и во живо. Младите луѓе биле оставени сами да се снаоѓаат во она што го сметаат за романтична врска. Ова е случај и кога младото лице имало претходна сексуална експлоатација. Имаше малку можности да се поставуваат прашања за сексуалното искуство, а старателите не знаеја што прават младите луѓе на интернет. Кога старателите препознале прекршувања на „правилата", секогаш им ги отстранувале или ја ограничувале употребата на мобилни уреди на младите. Не само што ваквите постапки не им помагаат на младите луѓе да преминат успешно од адолесценцијата кон автономија, особено во однос на сексуалното однесување, туку и ги ограничува можностите да научат како да управуваат со ризикот. Кога младите биле прашани за советите што ќе им ги дадат на другите, голем дел од нив се фокусирале на тоа како старателите треба да бидат заинтересирани за она што младите го прават, да им помогнат да поставаат разумни граници и во интернет просторот и во физичкиот простор, да бидат поддржувачи наместо да осудуваат и да слушаат и да бидат трпеливи кога младите побарале помош од нив.

Адолесценцијата е период на физиолошка, емоционална и когнитивна транзиција во која важноста на пронаоѓањето место во социјалните групи секогаш е присутна. Потребата од припаѓање, допаѓање и воодушевување од врсниците е секогаш придружена од очекувањата од другите луѓе, често возрасните (вклучително и старателите) што ги имаат од другите луѓе. Затоа е потребно на младите луѓе да им се понуди образование соодветно на нивната возраст за поставување здрави граници, за нивниот сексуален развој, сексуални права и желби и како да управуваат со нив во контекст на односи полни со почитување. Кога децата не ги знаат овие работи, тоа овозможува престапниците да ги искористат. Многу млади луѓе кои се жртви на сексуална онлајн злоупотреба немале информации за нивните сексуални права, сексуално здравје и сексуална добросостојба. Тоа ги прави ранливи и значајно го отежнува откривањето и барањето помош кога работите ќе тргнат на лошо, а подоцна може да предизвика и психолошки тешкотии, бременост или сексуално преносливи болести,

Означувањето на сексуалното искористување и злоупотреба на децата како ексклузивно „онлајн" или „офлајн" не помага во разбирањето, спречувањето или одговарањето на проблемот. Всушност, начините на кои децата и младите се изложени на сексуално искористување и злоупотреба на интернет се сложени и нијансирани и обично вклучуваат штетни интеракции онлајн и во живо, во кои технологијата се злоупотребува во различни точки на континуумот на злоупотребата. Интернетот само ги проширува ресурсите на престапникот. На пример, децата и младите може да бидат измамени да споделат сексуални слики кои самите ги направиле и кои потоа се користат за да ги присилат на сексуална злоупотреба во живо. Дигиталната технологија исто така, може да се злоупотреби и како алатка за снимање и споделување на сексуално искористување и злоупотреба во физички контакт.

Младите не очекуваат од возрасните да бидат експерти за социјалните медиуми или други платформи на интернет, но ја ценат поддршката при поставување и управување со своите профили на тие платформи, а не информации кои само им забрануваат или го обесхрабруваат користењето на интернетот. Ограничувањето на потребите може да ги стави младите во неповолна состојба и се зголемува веројатноста за тајно користење. Младите сакаат да добијат совети за приватноста и за поставките за безбедност, информации како да пријават проблеми или каква е природата на ризиците на интернет и како може тие да доведат до штета, како и што очекуваат поставување разумни граници.

### 4.2. Домашни истражувања

Во првото сеопфатно истражување за проблемот со сексуалната злоупотреба на деца спроведено од Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања[31], а поддржано од Канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија

31 Чачева, В. и др. 2010. Запоставени и жигосани: анализа на состојбата сексуална злоупотреба на деца, Канцеларија на УНИЦЕФ

во 2010 година дадени се значајни увиди во тековните политики и практики на кривично - правниот систем и системот за детска заштита во земјата и проценка на институционалните капацитети кои во моментот на истражувањето постоеле за заштита на децата од сексуална злоупотреба. Истражувањето опфатило анализа на досиеја од центрите за социјална работа и пресуди на сторителите, како и разговори со професионалци. Клучните наоди од ова истражување се однесуваат на евиденцијата на случаите, на профилот на децата жртви, на профилот на сторителите, на карактерот и околностите на злоупотребата и на судската постапка. Главните наоди сумирани се следните: постоечката официјална статистика не обезбедува информации во однос на застапеноста на различни форми на сексуална злоупотреба на деца, што се должи, пред сè, на фактот што статистика се води според сторителите, а не според жртвите т.е. децата; поголем дел од децата кои биле сексуално злоупотребувани се девојчиња (78 % од случаите и 90 % од судските пресуди вклучувале девојчиња); возраста на децата кои биле сексуално злоупотребувани била помеѓу 4 и 18 години, момчиња на возраст до 6 години се почесто застапени како жртви на сексуална злоупотреба во споредба со девојчињата на нивна возраст; мнозинството од децата жртви се родени во брачна заедница (87 %), а за преостанатите 31 % деца било утврдено дека ризикот за сексуална злоупотреба значително се зголемува онаму каде што децата живеат само со мајка или со мајка и очув, за разлика од случаите каде што децата живеат само со татко, или со татко и маќеа; децата-жртви живеат во поголеми семејства во споредба со општата популација и неретко, тие потекнуваат од семејства кои имаат лоши услови за домување, невработеност кај родителите и зависност од редовното исплаќање на социјална помош; 89 % од регистрираните деца-жртви кои се на училишна возраст редовно посетувале настава, поведението на децата во училиштето не било евидентирано како проблематично, така што 80,5 % редовно посетувале настава; за поголемиот број од децата кои се злоупотребени (92 %), биле во добра здравствена состојба, но за 9 % било пријавено дека имаат одредени ментални нарушувања. Во однос на анализата на сторителите, Најголемиот број сторители (93%) биле мажи, а во однос на возраста најголем дел (32 %) биле на возраст од 18 до 24 години кога го извршиле кривичното дело, 27% биле на возраст од 31 до 40 години, а 30% биле на возраст над 40 години кога го извршиле кривичното дело; 20% тврделе дека се без образование, а 52 % имале завршено само основно образование; речиси половина од сторителите (45 %) биле во моментот во брак, биле претходно во брак или во вонбрачна заедница; најмалку половина од сторителите биле родители на едно или повеќе деца; мнозинството од лицата осудени за сексуална злоупотреба на деца (83%) биле примарни престапници. Во однос на карактерот и околностите на злоупотребата, кривично дело кое најчесто се среќава во случаите добиени од досиејата на ЦСР и од судските пресуди бил „Полов напад врз малолетник кое не наполнило 14 години“: во 63 % од случаите во ЦСР и во 43 % од судските пресуди; 37 % од случаите на ЦСР и 46 % од судските пресуди вклучувале вагинална, анална и/или орална пенетрација; 40 % од судските случаи, сторителот применил директна физичка сила и/или закана за физичка сила, а во 35.5 % од случаите, сторителите се служеле со други начини за вршење на влијание врз детето-жртва за да се изврши злосторот или да се замолчи детето; најчестата категорија е составена од сторители кои еднократно извршиле сексуална злоупотреба (59 %), а 25 % ја злоупотребиле жртвата повеќе од пет пати; во половина од случаите (51 %) сторителот бил откриен веднаш после првото извршување, а во 27% од случаите сторителот бил откриен во првите шест месеци; децата биле изложени на најголем ризик од сексуална злоупотреба од луѓе во нивното најтесно опкружување – 37 % од случаите евидентирани во ЦСР се однесуваат на деца кои биле злоупотребени од нивниот татко или близок роднина, честопати во нивниот дом, додека, пак, таквите случаи биле застапени во 18 % од судските пресуди, во 12,5% од случаите на ЦСР и 12% од осудените лица според судските пресуди, сторителот му бил непознат на детето. Во однос на судската постапка, важни се увидите кои покажуваат дека, законски дозволените исклучоци од основните начела на постапката не биле применувани за да се заштити детето-сведок - во 60% од случаите јавноста не била исклучена; и во исто толкав процент, јавноста не била исклучена при земање на исказ од детето-жртва во текот на главниот претрес, а возраста на

детето не била замена предвид: децата честопати јавно сведочеле; во вкупно 63% од случаите, на сторителот не му била одредена мерка притвор и тука спаѓаат случаи во кои обвинетиот бил татко на детето, а кривичното дело било сексуален напад на дете под 14-годишна возраст; покрај важечките законски одредби кои дозволуваат во судската постапка да учествува стручно лице за поддршка на детето, во 76% од случаите не постоел доказ дека била побарана помош од ЦСР од педагог или друго стручно лице за да обезбеди поддршка на детето, а само во 7 % од случаите, евидентирано било дека претставници на ЦСР биле присутни или обезбедиле директна поддршка на детето; поголемиот број од изречени санкции на осудените лица, укажувале на блага казнена политика, во поголем број од случаите максималната законска казна не била изречена, додека определен број од изречените санкции биле под законски пропишаниот минимум. Иако дел од препораките дадени во ова опсежно истражување се реализирани, сепак некои од нив сеуште се валидни и денес, после 14 години. Имено, две од препораките во однос на нормативната рамка, се валидни и денес, како онаа која се однесува на законските одредби за сексуалната злоупотреба на деца дека треба да бидат изменети со цел да се надмине неконзистентноста при правењето разлика меѓу децата под и над 14 години, и со тоа да се олесни собирањето и следењето на податоците, сеуште е валидна. Втората исто така е валидна и денес, а се однесува на „Националното координативно тело за спречување на сексуална злоупотреба на деца и педофилија треба да иницира воспоставување на стандардизиран систем на евидентирање и собирање на податоци на државно ниво. Ова треба да се воведе во сите релевантни институции, односно во центрите за социјална работа, МТСП, МВР, МОН, МЗ, и другите што доаѓаат во контакт со децата-жртви на сексуална злоупотреба. Исто така, и препораките дадени во врска со дејствувањето на институциите и развојот на службите во помала или поголема мера се валидни и денес. Така, препораките дека државата треба да обезбеди доволни ресурси (финансиски и човечки) за ефикасно справување со овој проблем и денес е валидна, како што е и таа за континуирана мултидисциплинарна обука на сите професионалци кои работат со деца за препознавање на сексуалната злоупотреба на деца, како и обезбедување помош и поддршка на детето жртва и неговото семејство (јакнење на советодавната дејност), организирање на конзистентна евиденција на случаите на сексуална злоупотреба на деца итн. Кога на овие препораки ќе се додаде и појавата и раширеноста на сексуалната злоупотреба во дигиталниот простор, комплексноста на проблемот се зголемува.

**Предлог / препорака**

Проектот MKSafeNet предвидува сеопфатен, интегриран систем на евиденција на случаите, па оттаму повеќе од препорачливо е да се вклучат активно и членовите на НКТ за да биде базата соодветна за потребите на сите чинители.

Во 2019 година, Здружението за едукација и развој на деца и млади „Африле-Позитива“ од Гевгелија спровело истражување „Феноменот на комерцијална сексуална и трудова експлоатација на деца во градовите Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран“[32], со финансиска поддршка на ЕУ. Целта на истражувањето била да се утврди бројот на пријавени случаи на деца жртви и бројот на потенцијални деца жртви на комерцијална сексуална и трудова експлоатација во двата центри за социјална работа (Гевгелија и Валандово), како и разбирање на знаењето и ставовите поврзани со овој проблем кај децата и родителите и кај стручните работници во училиштата и ЦСР. Меѓу наодите од ова истражување, за потребите на оваа анализа издвојуваме две. Едниот наод се однесува на ставовите на родителите во врска со отворени разговори со децата за ризиците од сексуална експлоатација на деца, заслужува внимание. Дел од родителите разговарале само со постари деца од 12 години и почесто со женски, а пак дел не се согласиле дека е добро да се разговара со децата на оваа тема бидејќи според нив тоа би ја поттикнало љубопитноста кај децата на тема секс. Вториот наод кој загрижува е дека дел од родителите не би се обратиле за помош

32 Здружение за едукација и развој на деца и млади „Африел-позитива“ – Гевгелија, 2019. Извештај од истражување за феноменот на комерцијална сексуална и трудова експлоатација на деца во градовите Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран

кај стручни лица доколку забележат определени промени во однесувањето на детето, бидејќи сметаат дека тоа се семјни проблеми кои треба да се решат во семејството. Сепак, речиси сите родители се сложиле дека во училиштата не се разговара доволно на овие теми, а сметаат дека треба и тоа од најмала возраст.

Во 2023 година, Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе – Отворена порта, спровело истражување за онлајн експлоатација и трговија со деца[33]. Главната цел на ова истражување била испитување на јавната свест кај учениците и кај наставниот кадар за трговијата со деца и за различните форми на експлоатација на интернет. Исто така намерата на истражуваањето била да се идентификуваат елементите на добрите пристапи за зголемување на учеството на наставниците во спречување на трговијата со деца на локално и на национално ниво во државата, како и да се поттикне развивање образовни програми и пристапи во справувањето со онлајн експлоатацијата и со трговијата со деца во сите нејзини форми. Оттаму во примерокот на истражувањето влегле наставници и ученици од основни и средни училишта од осумте региони. Заклучоците за тоа колку се наставниците и учениците свесни за оваа опасност, дали учениците ги пријавуваат таквите ситуации кај своите наставници во училиштето и како училиштата се справуваат со вакви случаи се следните: наставниците комуницираат со учениците преку  социјалните медиуми, за кои сметаат дека се добра алатка за споделување информации; сметаат дека, учениците генерално се запознаени со ризиците и со опасностите од комуникацијата преку социјалните мрежи и со можните случаи на злоупотреба; голем дел од наставниците ги познаваат механизмите за пријавување, но не во голема мера, носметаат дека учениците треба да имаат повеќе обуки за да препознаваат вакви случаи, како и за механизмите за пријавување што им стојат на располагање, а коишто не ги применуваат поради страв и субјективно чувство дека нешто згрешиле; во однос на потребните едукативни материјали за запознавање на учениците со опасностите на интернет, големо мнозинство од наставниците се согласуваат дека во формалното образование нема доволно едукативен материјал за работа со учениците за безбедно користење на интернетот и наставниците/чките тоа го прават индивидуално, без плански, систематизиран и сериозен пристап; во однос на комуникацијата со родителите наставниците се подготвени да разговараат отворено со родителите за опасностите и за ризиците на интернет на нивните деца и да ги вклучат во поголема мера во делот на информирање. Заклучоците во однос на учениците сумираат дека повеќе од две третини (68 %) сами научиле да користат интернет, речиси сите (91 %) најчесто пристапуваат на интернет преку мобилен телефон; трите најчесто користени онлајн платформи се инстаграм (86 %), јутјуб (82 %) и тикток (68 %) и снепчет (67 %), при што овие платформи нудат можност за директна комуникација, но и можност за симнување и прикачување содржина во формат на видео и/или фотографија; 61 % ги користат социјалните мрежи за следење на трендовите, 59 % ги користат за да се договараат за средби со пријатели, 31 % за споделување слики, видеа и 25 % за создавање нови пријателства; половина од учениците имаат повеќе од еден акаунт/профил на една иста социјална мрежа, а 12 % имаат заеднички профил со другар/ка и најчесто го користат за игри, дружба, забава, за споделување слики и интересни моменти; 67 % не споделуваат јавно содржини на социјалните мрежи, туку дека преферираат директно преку приватни пораки во инбокс, 24% од испитаниците споделуваат содржина во квантитет 1-3 пати дневно; 74 % добиваат текстуална содржина, а 52% ја споделуваат текстуалната содржина, додека за фотографиите поголем е процентот на оние кои споделуваат фотографии (57 %) отколку оние што добиваат фотографии (50 %), а скоро 30% одговориле дека добиваат видеа и линкови до други содржини; 96 % социјалните мрежи ги користат за комуникација со другари/ки, 13 % добиваат пораки од луѓе кои ги знаат, но немаат личен контакт со нив, а загрижувачки е тоа што 8 % добиваат пораки од луѓе кои не ги познаваат, ама се дружат со нив онлајн, додека 2 % добиваат пораки од целосно непознати луѓе; 2 % се изјасниле дека пораките што ги добиваат на социјалните мрежи ги вознемируваат; за 41 % од учениците „интересни содржини“ се: видеа снимени со другари/ки, за 23 % одговориле

33 Пецова Илиеска, Л. и др., 2023. Онлајн експлоатација и трговија со деца: Извештај од спроведено истражување. Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе – ОТВОРЕНА ПОРТА

едукативни содржини, за 21 % фотографии од други, за 10 % се информации за некого од училиште; 7 % праќаат недолична содржина во инбокс, а 14 %, добиваат недолична содржина во инбокс, 9 % не преземаат ништо, 5 % бараат помош од родител/наставник, 4 % ги покажуваат на другари/ки, ги препраќаат, 32 % ги бришат, односно не пријавуваат никаде и никому; на 91 % родителите знаат за профилите што ги имаат на социјалните мрежи, а на 5 % од учениците сметаат дека на родителите не им е важно; 23 % имале лошо искуство на интернет; 11 % се соочиле со некаков облик на вознемирување, на 12 % нивниот акаунт бил хакиран, а 6% доживеале некакво засрамување и 4,7% се соочиле со некаков облик на сајбернасилство. 3,4 % на интернет дошле до срамни содржини на нивни другари или познајници, на 3,5 % нивниот акаунт/идентитет бил украден, а 1,5 % почувствувале притисок од другари/ки да направат нешто на интернет што не сакаат; 59 % од децата лицето што го запознале онлајн потоа го запознале и во живо; 17 % запознале возрасен во живо по онлајн комуникацијата, 71 % запознале лица во живо од оние со кои комуницирале преку интернет барем еднаш, а притоа кај голем дел од нив имало и повеќе од една средба. Препораките кои ги дава ова истражување се насочени кон повеќе целни групи – за креаторите на образовните политики и образовниот процес (МОН и Бирото за развој на образованието), кон сите чинители во образовниот процес (наставен кадар, ученици и родители), кон органите на правосудството, кон надлежните за социјалната заштиа и кон граѓанските организации. Интересни за оваа анализа се препораките за креирање „наставни програми и содржини со образовни ресурси/материјали за работа со ученици; развивање образовни содржини за запознавање на родителите; но и засилени напори на надлежните за поголемо и систематско детско/младинско учество при развојот на институционални одговори и решенија за предизвиците на безбедноста на децата на интернет, во развојот и креирањето алатки, софтвери или други интервенции за подобрување на нивната онлајн безбедност,“ Исто така важна е и препораката за „зголемување и продлабочување на соработката на граѓанските организации со државните институционални актери, за да се искористат капацитетите и ресурсите развиени од страна на организациите на граѓанското општество, кои може да бидат од голема помош токму поради нивната флексибилност и мобилност.“[34]

Во 2023, Македонија се приклучува кон истражувачки проект што го предводат ECPAT International, ИНТЕРПОЛ, Безбедни онлајн (Safe Online) и УНИЦЕФ Иноченти (UNICEF Innocenti) Спречување на штетите[35]. Проектот е креиран за да се произведат висококвалитетни докази за тоа како сексуалното насилство ги погаѓа децата и младите, како во дигиталната, така и во физичката средина. Главната цел на истражувањето е да се посочат клучните подрачја на кои треба да се фокусираат владите и другите организации за ефективно да реагираат и да спречат вакви злосторства врз децата. ПДАС Меѓаши, како членка на ECPAT International учествуваше во делот на анализата од проектот што се однесува на законската и институционалната рамка, а кој заврши во 2023 година. Канцеларијата на УНИЦЕФ С. Македонија го спроведува вториот дел од ова сеопфатно истражување, во кој преку директен контакт со деца/млади кои доживеале сексуална злоупотреба преку интернет за да се слушнат нивните искуства, каква помош добиле и кои се нивните препораки[36]. Како што беше погоре во делот на меѓународните истражувања објаснето, сознанијата од ова сеопфатно истражување во земјите од првата фаза на проектот (од Африка и Азија), се очекува да овозможат подлабински увиди во состојбата кај нас врз основа на кои може да се развијат и соодветни ефикасни препораки.

Во своите годишни извештаи од работата на Ало Бушавко, телефонот за деца и млади, во последните три години и во првите шест месеци од 2024 година, сексуално насилство е меѓу проблемите заради кои се обратиле на телефонот, во 2021 година такви случаи биле осум, во 2022 пет а во 2023 четири, додека во првите шест месеци има регистрирано четири случаи од категоријата сексуалност.

34 Пецова Илиеска, Л. и др., 2023. Онлајн експлоатација и трговија со деца: Извештај од спроведено истражување. Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе – ОТВОРЕНА ПОРТА

35 Спречување на штетите https://safeonline.global/disrpting-harm/

36 Како да се справиме онлајн-насилството во Северна Македонија | UNICEF Северна Македонија

Меѓу овие случаи има и материјал на сексуална злоупотреба на деца преку интернет.

Од овој преглед на релевантните истражувања кај нас на оваа тема, може да се заклучи дека многу малку е истражуван овој проблем, а тоа пак на некој начин укажува на значењето и приоритетноста што надлежните институции му го придаваат. Без сеопфатни, континуирани истражувања на проблемот на сексуална злоупотреба во дигиталната средина, не само што не дава целосна слика за состојбата со правата на децата, туку и не овозможува носење на информирани политики, закони и мерки за сузбивање и борба против овој проблем, којшто и глобално има тенденција да се шири, особено што дигиталната средина сè повеќе зазема голем дел од животот на сите, и особено на децата и младите.

**Предлог / препорака**

Образованието е најсеопфатниот процес кој може да има големо влијание врз јакнење на знаењето, свеста и вештините и на младите, но и на родителите. На тој начин, се надополнува ефектот кој може да го обезбеди законската рамка и мерки и институционалните капацитети во борбата против сексуалната злоупотреба на децата, во и вон дигиталниот простор. Оттаму е многу важно во наставните содржини да се најде простор за теми кои вклучуваат што е приватност, што значи правото на приватност и како да го заштитиме и своето и на другите, што значат интимни односи, како се градат и каква улога игра приватноста во тие односи, кои се заканите во дигиталната средина итн.

### 4.3. Истражување спроведено од ПДАС Меѓаши

За потребите на оваа анализа, дополнително беше спроведено истражување на мислењето на ученици од неколку основни и средни училишта од целата земја за да се добијат увиди во перцепцијата и свеста на младите за проблемот со сексуална злоупотреба на деца на интернет, нивните размислувања кој се може да придонесе во справување со проблемот и кои според нив би биле најсоодветните начини.

Беше подготвен прашалник со 17 прашања, групирани во три целини според темата: (1) три прашања за навиките на поминување време на интернет (на кои платформи, колку често и дали имаат повеќе профили на некоја платформа); (2) девет прашања за испитување на мислењето на учениците за искуството што младите го имаат на интернет, со фокус на потенцијална закана од сексуална злоупотреба (колку од лицата со кои комуницираат преку интернет ги знаат лично, какви податоци за себе споделуваат најчесто, дали знаат што е сексуална злоупотреба на деца преку интернет итн.) и (3) пет прашања за нивните перцепции кој може да помогне и како да се справиме со овој проблем. Прашалникот е даден во прилог 1.

Следејќи ги примерите од истражувањата во светот, најчеста возраст на децата со кои се спроведуваат истражувања на оваа тема се од 9 до 17 години. Земајќи ги предвид културните вредности и навики на нашето општество, долната граница на децата кои влегоа во примерокот е 13 години, или ученици од осмо одделение од основно образование, додека горната е 17 години, како и во другите истражувања, односно трета година средно образование. Истражувањето беше анонимно и доброволна и спроведено преку интернет, преку платформата „Гугл формс“, по претходно добиена согласност од родителите на децата, во периодот од 24 ноември до 4 декември 2024 година. Во овој период одговорија 76 деца, така што резултатите треба да се гледаат повеќе индикативно отколку како репрезентативни за популацијата на деца на возраст од 13 до 17 години. Сепак, увидите кои ги овозможуваат се од големо значење особено за потребите на застапување и определување кон кого треба да се насочат пораките.

Според демографските податоци, од 76-те ученици, 56 или 74 % се женски, 19 или 25 % се машки, а еден е непознат/а. Во однос на возраста, речиси една третина се од основно образование, при што 18 % се на 13-годишна возраст, осмо одделение, а 14 % на 14-годишна или деветто одделение, додека две третини се од средно образование, при што 33 % се на 15-годишна (прва година), 16 % на 16-годишна (втора година) и 18 % на 17-годишна возраст (трета година). Во однос на местото на живеење, најголемиот број или 74 % се од училишта од Виница, 17 % се од училишта од Штип, 7 % од Дебар, 3 % од Скопје и 1 % од Кочани.

**Време поминато на интернет и најчести платформи**

Повеќе од една третина од учениците во примерокот поминуваат по еден до два часа на интернет секој ден, додека најмногу во текот на викендите (слика 1, прилог 2).

Што се однесува на тоа каде најчесто го поминуваат времето, бројките кажуваат дека тоа се социјалните медиуми, многу почесто отколку игрите, и тоа најмногу на инстаграм, потоа на јутјуб, месинџер и тикток (слика 2, прилог 2).

Ако се разгледа според зачестеноста на користење тогаш распоредот на социјалните медиуми малку се менува. Инстаграм и понатаму е прво место, повеќе од половина се на инстаграм секој ден, а исто толку се и на тикток, потоа е месинџер, па јутјуб и снепчет (слика 3, прилог 2)

Сите најчесто користени платформи, освен јутјуб, се социјални медиуми, односно платформи за вмрежување и комуницирање. На сите овие платформи минималната возраст за отворање профил е 13 години, така што сите ученици во примерокот се во дозволената возраст (немаше прашање од кога го имаат профилот). Половина од нив (53 %) немаат отворено повеќе од еден профил на една платформа заради поголема приватност, но 41 % одговориле дека имаат повеќе од еден профил, додека 6 % од учениците не сакале да одговорат.

**Искуство на младите во интернет просторот, со фокус на искуства поврзани со потенцијална сексуална злоупотреба**

Заради обезбедување поголема ослободеност од страв од одговарање на осетливи прашања, најголемиот број прашања беа поставени така што се однесуваа на младите воопшто, не за нив лично.

Генерално земено, најголем дел од учениците ги познаваат лично оние со кои комуницираат и преку интернат, на платформите. Сепак не е мал процентот на оние кои најголемиот дел или половината од оние со кои комуницираат на платформите не ги познаваат лично – 16 % (слика 4, прилог 2). Од тие пак што ги познаваат само преку интернет, повеќе од половина од нив ги сметаат за блиски пријатели 46 % од учениците, додека 38 % од учениците за повеќе од половината од тие што ги познаваат само онлајн ги сметаат за пријатели, но не многу блиски. Неколкумина од оние што ги знаат само онлајн за непознати ги сметаат 42 % од учениците. За повеќе од половина, или 61 % од учениците најблиските пријатели се оние кои ги познаваат само лично, додека за 39 % од учнците најблиските пријатели се оние кои ги познаваат и лично и преку интернет.

Речиси сите од учениците (92 %) знаат што е сексуална злоупотреба на деца преку интернет.

Повеќе од една третина од учениците не знаат дали нивни врсници имале искуство на интернет да им пријде непознат кој сака да се спријатели со нив за потоа да ги манипулира, но речиси една третина сметаат дека многу често или често тоа им се случува на врсниците (слика 5, прилог 2).

Најчесто младите разговараат со некој кој им се допаѓа а го знаат само преку интернет, а потоа разговараат за работи што ги прават среќни или за романтична средба („дејт“). Помалку споделуваат со лица кои ги знаат само преку интернет за тоа каде учат или живеат, или пак свој телефонски број, свои грижи или нешто што не би го кажале в лице. (слика 6, прилог 2)

Младите се претставуваат дека се постари од нивната вистинска возраст, само една петина од учениците одговориле дека никогаш не се претставуваат младите постари (слика 7, прилог 2). Меѓу причините заради кои се претставуваат постари, најголем дел од учениците (47 %) сметаат дека тоа е заради ограничувањата што социјалните платформи ги поставуваат за возраста. Многу помалку (8 %) сметаат дека е тоа заради возрасното ограничување на апликациите или интернет страниците за наоѓање „дејт“. 14 % од учениците сметаат дека младите тоа го прават зашто им се допаѓаат лица постари од нив, па и тие се претставуваат како постари, а 13 % сметаат дека причината е зашто младите сакаат да се спријателат со постари лица од нив. 39 % од учениците не знаат која е причината зошто младите се претставуваат постари, а 3 % воопшто не одговориле.

Мнозинството ученици (71 %) одговориле дека младите не сметаат дека е нормално да споделуваат свои интимни слики преку интернет, една четвртина не знаат, додека 4 % сметаат дека за младите е нормално да споделуваат свои интимни слики.

**Предлози на учениците за справување со проблемот на сексуална злоупотреба на деца преку интернет**

88 % од учениците се согласуваат дека родителите се клучни во заштитата од сексуална злоупотреба на деца преку интернет (Слика 8, прилог 2). Поточно, имањето отворен разговор меѓу родителите и децата. Далеку помал процент ученици сметаат дека разговорите со наставниците или стручните лица во училиштата се ефикасен начин. Една третина пак сметаат дека медиумите може да имаат улога во заштитата од овој проблем преку нудење едукативни содржини на темата. Како најмалку ефикасен начин, го сметаат ограничувањето на времето на интернет.

Сите ученици без исклучок сметаат дека сите чинители како родители, самите млади, наставници, стручни лица, владата, полиција, невладини организации се еднакво важни и еднакво можат да помогнат во борбата против сексуалната злоупотреба на децата преку интернет. А кога се прашани кои кампањи би биле најефикасни во подигнувањето на свеста, најголем дел од нив сметаат дека се тоа кампањи со едукативни куси видеа споделувани на ТВ и преку социјалните медиуми (80 %), а потоа и преку организирање настани во живо со едукативни и забавни елементи (42 %) и лични приказни на жртви на сексуална злоупотреба, прикажани како снимени куси видеа со глумци, кои би се прикажувале и на ТВ и на социјални медиуми (43 %). 36 % од учениците сметаат дека ефикасни би биле и едукативни пораки кои ќе одат по една секој ден на социјалните медиуми, а 28 % од учениците сметаат дека и анкетите за испитување на јавната свеста за проблемот и нивното објавување преку медиумите се ефикасен начин.

На отворено прашање дали имаат да додадат нешто на темата, неколкумина од нив споделија мудри совети:

*„Да се спроведат или да се создаваат добри проекти, односно да се најде начин да им се привлече вниманието на младите за да разговараат за ова што се случува, да се најде начин децата да сфатат дека не е добро да се праќаат сексуални видео снимки и на познат и на непознат, луѓето односно децата веќе почнаа тоа да го нормализираат, кое никако не е нормално нешто и е жално што има многу такви деца.“*

*„Никогаш не смееме да споделуваме интимни информации, дури и на најблиските (преку интернет).“*

*„Почесто да се разговара на оваа тема.“*

*„Сето тоа се случува бидејќи родителите не поминуваат доволно време со своите деца ,не разговараат доболно и им допуштаат премногу работи.“*

*„Што се однесува за оние деца кои претрпеле сексуална насилност, како што и биле жртви на истото, и оние кои биле учесници или „гледачи“, се замолува да посетат стручно лице и што почесто да разговараат на тие теми.“*

**Заклучоци од индикативното истражување**

Иако мал примерокот, сепак може да се извлечат индикативни заклучоци кои може да послужат како патоказ за што треба да се направи за превенција, но и за спроведување дополнителни истражувања на репрезентативен примерок.

1. Младите многу често се на интернет и тоа најчесто на социјалните медиуми. Забелешка: бидејќи примерокот во голема мера е сочинет со женски (74 %), голема е веројатноста дека може да ги искриви резултатите за тоа на кои платформи се младите. Беа понудени 20 различни платформи – социјални медиуми, апликации за договарање средби, повеќе игри, но беа избрани како најчести само шест. Во секој случај, овој заклучок не води кон препорака дека социјалните медиуми се добра платформа преку која може да се стигне до младите за пренесување на пораки и нивно вклучување во борбата против сексуалната злоупотреба на деца
2. Речиси една третина од учениците сметаат дека многу често или често се случува на младите да им пријде непознато лице на интернет и да се спријатели но со намера потоа да ги манипулира.
3. Не е ретко да комуницираат со непознати преку интернет, односно со лица со кои не се сретнале во живо.

4. Не е ретко ниту да се претставуваат постари од она што се, најчесто за да можат да креираат профил на социјалните медиуми, но како причина се појавува и тоа дека им се допаѓаат или сакаат да се спријателат со постари од нив.
5. Младите сметаат дека секој чинител во општеството (од семејството до владата) може да помогне во борбата против сексуалната злоупотреба на децата преку интернет, но големо мнозинство се согласуваат дека најефикасен начин е отворениот разговор меѓу родителите и децата, а удри потоа е училиштето и медиумите.

Оттука, клучните пораки за застапување што упатуваат овие индикативни наоди се однесуваат на родителите и на самите млади, но и на институциите што може да ја зајакнат улогата на семејството, односно родителите преку нивно вклучување во процеси на носење одлуки поврзани со овој проблем.

# 5. Клучни пораки

## *За поефикасна и појасна законска и стратешка рамка*

- ✓ **Да ги именуваме нештата со нивното вистинско име за подобро да се справиме со нив!** Тоа подразбира измена на терминот „детска порнографија" во „материјал за сексуална злоупотреба на децата преку интернет" во сите релевантни закони, програми, стратешки документи. **Од клучно значење е законодавството да прави јасна разлика помеѓу луѓето што прават или гледаат порнографија и сторителите кои сексуално злоупотребуваат деца, дистрибуираат и консумираат нелегален материјал што доведува до повторна виктимизација.** Разбирањето на материјалот што прикажува деца во сексуално експлицитно однесување како под-категорија на порнографијата, **го зголемува ризикот од нормализирање, банализирање, па дури и легитимирање на сексуалната злоупотреба и експлоатација на децата.**

- ✓ **Да направиме информирана, инклузивна и ефикасна стратегија за безбедност на интернет по мерка на децата!** При креирањето на новата стратегија за безбедност на интернет (сајбер безбедност) да се направат дополнителни истражувања следејќи ја методологијата на ИТУ. Истражувањата треба да се насочени кон анализа на национални стратегии и активности за заштита на децата на интернет; дали се вклучени сите важни чинители и особено децата во консултативниот процес; анализа на правните аспекти на заштитата на децата на интернет и материјалот за сексуална експлоатација на деца; дали е вклучен ИТ секторот и каква е поддршката од овој сектор; каква е јавната свест и колку е направено за подигнување на свеста и дали има едукативни кампањи и колку се ефикасни.

- ✓ **Да ги следиме показателите за сексуална злоупотреба на децата преку интернет за да можеме да бидеме поуспешни во борбата против неа!** Во рамки на стратешкиот приоритет „Воспоставен ефикасен систем за прибирање и анализа на податоци, следење на состојбата со насилството" од Националната стратегија и Акциски план за превенција и заштита на децата од насилство, НКТ треба да дефинира и индикатори за следење и прибирање податоци поврзани со сексуалната злоупотреба на деца преку интернет.

## *За подобра и повидлива институционална соработка*

- ✓ **Со засилена соработка на НКТ со училиштата и ИТ секторот за поефикасни активности за борба против сексуалната злоупотреба на децата преку интернет!** Националното координативно тело (НКТ) за заштита и превенција на деца од злоупотреба и занемарување во рамки на своите активности може да се предвидат мерки насочени кон борба против сексуалната злоупотреба на деца преку интернет преку засилена соработка со училиштата и со приватните ентитети од секторот на информациската и комуникациската технологија, со граѓанскиот сектор и со академската заедница.

- ✓ **Повидливо НКТ – посигурни млади на интернет: преку јасна комуникациска стратегија НКТ ќе пренесе важни пораки против насилството и сексуалната злоупотреба на децата!** НКТ е многу малку видливо во јавноста, надвор од стручната. За подигнување на јавната свеста за сите прашања поврзани со заштитата на децата од секаков вид злоупотреба, вклучително и од сексуална злоупотреба во дигиталниот простор, од големо значење е излегувањето на членовите од НКТ во јавноста со свои сознанија, истражувања, препораки, резултати од работата на меѓу секторскиот

тим формиран во согласност со Протоколот за постапување на меѓу секторски тим за заштита на деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство. Пожелно би било НКТ да подготви своја комуникациска стратегија за да може да пренесе важни пораки во борбата против насилство и злоупотреба на децата.

✓ **Да го направиме НКТ важен чинител во националниот центар за безбедност на интернет!** Проектот MKSafeNet предвидува сеопфатен, интегриран систем на евиденција на случаите, па оттаму повеќе од препорачливо е да се вклучат активно и членовите на НКТ за да биде базата соодветна за потребите на сите чинители.

## *За поефикасна и појасна законска и стратешка рамка*

✓ **Кои се моите права во дигиталната средина!** Осмислување на долгорочни едукативни кампањи за запознавање со правата на децата во дигиталната средина со посебен фокус за правата за заштита од сексуална злоупотреба на децата преку интернет, потоа за запознавање со корективните и вонсудски механизми за кршење на детските права во дигиталната средина, како и со механизмите за пријавување и поднесување тужби за прекршување и повреда на детските права во дигиталната средина, особено сексуално искористување и злоупотреба преку интернет.

✓ **Знам, умеам и можам да се справам со сексуалната злоупотреба преку интернет зашто имам каде и како да ги развијам потребните вештини!** Образованието е најсеопфатниот процес кој може да има големо влијание врз јакнење на знаењето, свеста и вештините и на младите, но и на родителите. На тој начин, се надополнува ефектот кој може да го обезбеди законската рамки и мерки и институционалните капацитети во борбата против сексуалната злоупотреба на децата, во и вон дигиталниот простор. Оттаму е многу важно во наставните содржини да се најде простор за теми кои вклучуваат што е приватност, што значи правото на приватност и како да го заштитиме и своето и на другите, што значат интимни односи, како се градат и каква улога игра приватноста во тие односи, кои се заканите во дигиталната средина итн.

✓ **Со отворени разговори за сексуалноста и ризиците можам полесно да се справам со непријатните искуства на интернет!** Разговорите не треба да се фокусираат само на „само не го прави тоа“. Мора да се појават рано, мора јасно да им се предочат ризиците и како да ги избегнат или надминат и мора да вклучуваат отворена врата, без осудување и со покажување поддршка во случај на опасност. Улогата на родителите и отворените разговори во кругот на семејството може да бидат дел од пораките во кампањите. Разговори со родителите на различни настани (организирани не само од училиштата, што претставува вообичаена и очекувана практика, туку и од општината на пример, или од медиумите) треба да бидат дел од кампањите за подигнување на свеста.

✓ **Кога ја имам поддршката од моите врсници полесно се справувам со непријатните искуства и потенцијална злоупотреба на интернет!** Информираната врсничка поддршка како заштитен фактор за младите е огромна. И националните и локалните активациски стратегии за вклучување на младите на начини кои ја градат не само нивната индивидуална отпорност на заканите на интернетот, туку и нивната отпорност како составен дел на пошироката врсничка поддршка претставуваат подрачје од витална потреба. Овие интервентни стратегии насочени на врсниците би требало да им помогнат на младите да изградат и да ги зајакнат здравите ставови за споделувањето и ширењето што ги поставуваат согласноста, емпатијата и почитта како средишен дел.

# Прилог 1. Прашалник за тинејџери

Драги девојки и момчиња,

пред вас е прашалник за една многу важна тема за безбедноста на децата и младите, која за Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ претставува долгогодишна област на работа за градење на побезбеден свет за сите вас. Меѓаши во моментов работи на регионален проект заедно со партнерски организации од Србија и Албанија токму на оваа област и една од важните активности е и советување со вас за тоа што е важно за оваа тема. Затоа би ви биле многу благодарни доколку одговорите искрено на прашањата. Прашалникот е анонимен, односно не бараме да ги кажете вашите имиња, но ни значат вашите искрени мислења.

Однапред ви благодариме што ќе се потрудите да одговорите на прашањата!

1. Твојот род е
    - машки
    - женски
    - не сакам да одговорам

2. Колку години имаш?

3. Кое одделение/клас си?
    - VIII одд
    - IX одд
    - I година
    - II година
    - III година

4. Во кој град/општина живееш?

*Сега би ти поставиле неколку прашања за твоите онлајн навики, односно колку често поминуваш време онлајн, на кои платформи и начин на комуникација.*

5. Колку често ги користиш/проверуваш/играш секоја од следниве платформи? (одговори за секоја од платформите)

| | Никогаш | Барем еднаш досега | Барем еднаш неделно | 2-3 пати неделно | Секој ден |
|---|---|---|---|---|---|
| Among Us | | | | | |
| Call of Duty | | | | | |
| Chatroulette | | | | | |
| Discord | | | | | |
| Facebook | | | | | |
| Fortnite | | | | | |
| Google Hangouts/Google Meet | | | | | |
| GT | | | | | |
| Instagram | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Kik | | | | | |
| Live.me | | | | | |
| Messenger | | | | | |
| Minecraft | | | | | |
| Omegle | | | | | |
| Reddit | | | | | |
| Roblox | | | | | |
| Slack | | | | | |
| Snapchat | | | | | |
| Tagged | | | | | |
| Telegram | | | | | |
| TikTok | | | | | |
| Tor/Onion browser | | | | | |
| Tumblr | | | | | |
| Twitch | | | | | |
| VSCO | | | | | |
| WhatsApp | | | | | |
| Wisper | | | | | |
| X | | | | | |
| YouNow | | | | | |
| YouTube | | | | | |

6. Некои луѓе имаат повеќе од еден акаунт (профил) на една социјална мрежа за да можат да споделуваат работи со поголема приватност. Дали ти имаш повеќе од еден акаунт на некоја социјална мрежа или платформа што ја користиш?

- Да 1
- Не 2
- Не сакам да одговорам 0

7. Генерално, колку време во текот на една недела поминуваш на интернет (на мобилен телефон или компјутер/лаптоп), а тоа да не е поврзано со учење, пишување домашни или други активности околу учењето?

- Помалку од еден час во деновите кога одам на училиште 4
- Секој ден по 1-2 часа 3
- Во петок и во тек на викенд по 2-3 часа на ден 2
- Во петок и во тек на викенд повеќе од 4 часа на ден 1

*Во следниот дел поставените прашања се однесуваат на твоето мислење за искуството што тинејџерите и младите го имаат на платформите кои ги користат.*

8. Општо земено, колку од оние со кои комуницираш онлајн, ги НЕМАШ запознаено/сретнато во живо? Не се грижи да пресметаш точно, туку одговори приближно што ти се чини дека е точно.

- Најголемиот дел не ги познавам лично/во живо 1
- Половина не ги познавам лично/во живо 2
- Неколкумина не познавам лично/во живо 3
- Сите со кои комуницирам онлајн ги познавам и лично/во живо 4

9. Генерално, твоите НАЈБЛИСКИ пријатели се оние кои ги знаеш:
- Само онлајн 1
- И онлајн и лично/во живо 2
- Само лично/во живо 3

10. За луѓето што ги ПОЗНАВАШ САМО ОНЛАЈН, во колкав процент би рекол/рекла за секој од нив дека се: (одговори за секој ред во табелата)

| | Најголемиот дел | Повеќе од половина | Неколкумина | Еден или двајца/две | Нема луѓе што ги познавам само онлајн |
|---|---|---|---|---|---|
| Непознати | | | | | |
| Пријатели, но не многу блиски | | | | | |
| Блиски пријатели | | | | | |

11. Дали знаеш што е „сексуално искористување и злоупотреба на деца преку интернет“?
- Знам 2
- Незнам 1

*„Сексуално искористување и злоупотреба на деца преку интернет“ се однесува на ситуации во кои се користат дигитални, интернет и комуникациски техологии за сексуална злоупотреба на децата. „Материјал со сексуална злоупотреба на деца“ се материјали со јасна сексуална содржина во која е вклучено дете (дете се смета секое лице до наполнети 18 години). Материјалите може да бидат фотографии, видеа, компјутерски генерирани слики кои се злоупотребени од возрасни престапници. Во нашата држава е забрането и се смета за престап да се поседуваат, шират и споделуваат вакви материјали од возрасни лица и истите подлежат на затворски казни. Меѓаши се бори против ваквата злоупотреба на децата и спроведува многу проекти и активности за заштита на децата од каков било вид злоупотреба и искористување на децата.*

12. Според тебе, колку често се случува на твои врсници да им пријде преку интернет (онлајн) некој кого не го познаваат, со намера да се спријатели со нив, а потоа да ги манипулира?
- Многу често 1
- Никогаш 5
- Не знам 3
- Често 2
- Ретко 4

13. Дали познаваш твои врсници кои направиле некои од следниве работи со некој кого не го познаваат лично туку само преку интернет? (можеш да избереш повеќе одговори)
- споделиле своја е-маил адреса 1
- споделиле свој телефонски број 1
- споделиле каде учат, живеат или излегуваат 1
- разговарале со некој/некоја кој/која им се допаѓа 1
- разговарале за „дејт“ 1
- разговарале за интимни односи 1
- споделиле некои свои грижи 1
- споделиле нешто за што биле среќни или возбудени 1

• споделиле нешто што не би го кажале лично/во живо 1
• не познавам врсници кои направиле нешто од набројаното 2

14. Според тебе, колку често твои пријатели кога се на интернет платформи (онлајн) се претставуваат постари од тоа што се?

• Многу често 1
• Често 2
• Не многу често, но се случува 4
• Никогаш не се претставуваат така 5
• Незнам 3

15. Ако на претходното прашање одговори „многу често", или „често" или „не многу често, но се случува" одговори и на ова прашање: Од следните набројани причини, според тебе, кои најдобро објаснуваат зошто твоите пријатели се претставуваат постари отколку што се? (можеш да избереш повеќе од еден одговор). Ако на претходното прашање одговори „никогаш" или „не знам" прескокни го ова прашање.

• социјалните мрежи и други платформи имаат ограничување на возраста
• апликациите или интернет страниците за наоѓање „дејт" имаат ограничување на возраста
• за да се спријателат со лица постари од нив
• им се допаѓаат лица постари од нив
• незнам

16. Според тебе, дали твоите врсници мислат дека е нормално да споделуваат интимни слики или видеа од себе?

• Да, мислат дека е нормално
• Не, не мислат дека е нормално
• Незнам

*Сега би те прашале за твоето мислење како да се справиме со овој проблем*

17. Според тебе, што е најдобро да се преземе за да се заштитат децата и младите од сексуална злоупотреба и искористување преку интернет? (можеш да избереш повеќе од еден одговор)

• родителите да разговараат отворено со децата за опасностите
• наставниците и психологот/педагогот во училиште да разговараат со децата за овие опасности
• да се организираат кампањи за борба против секаква злоупотреба на децата
• родителите да им го ограничат времето поминато онлајн на децата
• часови за заштита и безбедност на интернет во училиште
• да се воведат часови за тоа што значи право на приватност
• работилници на теми приватноста во пријателските и романтичните односи, заштита на својата приватност, поставување граници, и слични теми
• медиумите (ТВ и социјалните медиуми) да нудат едукативни и интерактивни содржини на оваа тема

18. Според тебе за да бидат ефикасни кампањите, какви елементи треба да содржат (избери три кои според тебе би биле најефикасни, а ако додаваш и своја идеја, таа треба да е едн од трите)

• куси едукативни видеа (на социјалните медиуми и на телевизија)
• натпревар преку кој ќе ги поттикнат и младите и другите граѓани да предлагаат решенија за проблемот
• едукативни пораки кои ќе одат по една секој ден на социјалните медиуми
• настани во живо со едукативни и забавни елементи
• лични приказни на жртви на сексуална злоупотреба, прикажани како снимени куси видеа со

глумци, кои би се прикажувале и на ТВ и на социјални медиуми

• анкети меѓу младите и сите граѓани преку кои ќе се слушне колку граѓаните се свесни за овој проблем

19. Според тебе, кој може најмногу да помогне во борбата против детската сексуална злоупотреба преку интернет? Избери ги сите кои мислиш дека може да помогнат.

- полиција
- родители
- наставници
- стручни лица
- самите млади
- владата
- невладини организации
- друго

20. Ако избра „друго“, те молам напиши ги твоите идеи

21. Доколку имаш да додадеш нешто за темата, те молам напиши!

**Ти благодариме на времето и соработката!**

# Прилог 2. Резултати




**Слика 1.** Колку време младите поминуваат на интернет




**Слика 2.** Најчесто користени платформи под младите




**Слика 3.** Зачестеност на користење на платформите




**Слика 4.** Колку од лицата со кои комуницираат преку интернет ги познаваат лично




**Слика 5.** Колку често се случува на младите да им пријде преку интернет (онлајн) некој кого не го познаваат, со намера да се спријатели со нив, а потоа да ги манипулира




**Слика 6.** Работи што младите ги направиле со некој кого не го познаваат лично, туку само преку интернет




**Слика 7.** Колку често младите се претставуваат постари од тоа што се, на интернет платформите интернет




**Слика 8.** Што сметаат младите дека е најдобро да се преземе за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет

**Користени извори:**


1. DISTRUPTING HARM, ECPAT, 2023. International, regional and national commitments and legislation on sexual exploitation of children
2. ITU, 2020. Status of national child online protection ecosystems in South Eastern Europe
3. INHOPE, 2023. Annual Report 2023
4. Third, A and Moody, L (2021). Our rights in the digital world: A report on the children's consultations to inform UNCRC General Comment 25. (London and Sydney: 5Rights Foundation and Western Sydney University).
5. Thorn. (2024). Youth Perspectives on Online Safety, 2023. Available at: https://info.thorn.org/hubfs/Research/ Thorn_23_YouthMonitoring_Report.pdf
6. European Commission, 2022. REGULATION OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL laying down rules to prevent and combat child sexual abuse
7. UNCRC, 2021. General comment No. 25 (2021) on children's rights in relation to the digital environment
8. ECPAT, INTERPOL, and UNICEF. (2022). Disrupting Harm in Ethiopia: Evidence on online child sexual exploitation and abuse. Global Partnership to End Violence against Children.
9. UNCRC, 2022. Concluding observations on the combined third to sixth periodic reports of North Macedonia
10. Службен весник на РМ, 2010. Закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба
11. МТСП, 2019. Национална стратегија (2020-2025) и Акциски план (2020-2022) за превенција и заштита на децата од насилство
12. МТСП, 2021. Протокол за постапување на меѓусекторскиот тим за заштита на деца жртви на злоупотреба, занемарување и насилство
13. Министерство за здравство, 2015. УПАТСТВО ЗА МЕДИЦИНСКОТО ЗГРИЖУВАЊЕ ПРИ ИДЕНТИФИКАЦИЈА И СПРАВУВАЊЕ СО СЕКСУАЛНАТА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕТЕТО
14. Пецова Илиеска, Л. и др., 2023. Онлајн експлоатација и трговија со деца : извештај од истражување [автори: Лилјана Пецова Илиеска, Кире Бабаноски]. – Скопје: Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе ‘ Отворена порта
15. Чачева, В. и др., 2010. ЗАПОСТАВЕНИ и жигосани : анализа на состојбата: сексуална
16. злоупотреба на деца [главни истражувачи Виолета Чачева, Стојанка Мирчева]. - Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ
17. Здружение за едукација и развој на деца и млади „АФРИЕЛ ПОЗИТИВА“ – Гевгелија, 2019. Извештај од истражување за феноменот на комерцијална сексуална и трудова експлоатација на деца во градовите Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран



# Националниот екосистем за заштита на децата во дигиталниот простор

Анализа на постојните стратегии, политики и практики за заштита на децата од сексуална злоупотреба преку интернет во РС Македонија

Скопје, 2025